20 години
FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"
ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА



# ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА И ИДЕНТИТЕТИТЕ

# ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА И

# ИДЕНТИТЕТИТЕ

**Издавачи:**

Фондација Отворено општество – Македонија
Институт за социолошки и политичко правни истражувања

**За издавачите:**

Владимир Милчин, извршен директор
Проф. д-р Јорде Јакимовски, директор

**Уредници:**

Славица Инџевска
Проф. д-р Емилија Симоска

**Рецезенти:**

Проф. д-р Наташа Габер - Дамјановска
Проф. д-р Љубица Чонева

**Лектура:** Марија Станева

**Дизајн и графичко уредување:** Бригада дизајн, Скопје

**Тираж:** 200

Бесплатен/некомерцијален тираж

# БЕЛЕШКА ЗА ПРОЕКТОТ



Проектот **„Политичката култура и идентитетите“** беше базиран на истражување на вредности и ставови преку директно анкетирање на испитаници и организирање на фокус групи.

Анкетното истражување беше реализирано во јуни 2010, додека фокус групите се одржаа во јули истата година.

Примерокот на кој беше применето анкетното истражување е репрезентативен за Република Македонија според: етничката припадност, полот, местото на живеење и регионот. Со него беа опфатени 1600 испитаници.

Одржани беа вкупно 6 фокус групи:

- една со млади од различни етнички групи кои живеат во Скопје и кои се на возраст од 18-27 години;
- една со млади од различни етнички групи кои живеат во други градови и села и кои се на возраст од 18-27 години;
- две со учесници со македонска етничка припадност од целата република;
- две со учесници од малцински етнички групи од различни градови.

Во анализата на податоците се користени и резултати од проекти работени во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, кои се реализирани со ист примерок и методологија, што овозможува компаративност.

# **ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА** И **ИДЕНТИТЕТИТЕ** ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Вообичаено е кога се говори за политичката култура да го имаме предвид односот на граѓанинот кон политиката воопшто, но пред се онаа актуелната за него, начинот на кој поединецот е вклучен во процесот на одлучување, неговите ставови, вредности и однесување кон овие феномени, мерени според релацијата демократско-недемократско. Меѓутоа, дефинирањето и вреднувањето на овие категории честопати останува на ниво на индивидуална перцепција, при што „демократското“ не ретко е сведено на ниво на фраза, а содржината на овој поим е редуцирана на субјективното симплифицирано доживување на нешто што се наоѓа помеѓу дневно детерминираниот став и усвоената вредност. Поради тоа, и во резултатите на истражувањата од оваа област понекогаш се испреплетуваат индикатори кои осцилираат меѓу јавното мислење и политичката култура, што значително го отежнува процесот на валидно заклучување.

Во овој проект, кој не е имун на наведените осцилирања, се избрани неколку тематски блока кои можат да ги отсликаат контурите на политичката култура на македонските граѓани:

- односот социјализам –капитализам и начинот на кој граѓаните ги прифаќаат вредностите врзани за обата система;
- присуството на авторитарната свест;
- перцепцијата на демократијата и сопствената позиција во тие рамки;
- меѓуетничката и верската толеранција;
- перцепцијата на сопствениот идентитет.

Авторите се свесни дека секоја од овие категории претставува тема самата за себе и дека е многу тешко во рамките на едно истражување да бидат детално вклучени сите неопходни индикатори. Меѓутоа, со изборот на најкарактеристичните и најилустративните од нив се добива мошне јасна слика на вредносната матрица на граѓаните на македонското општество во овој момент.

Д-р Анета Јовевска



# ГРАЃАНИТЕ МЕЃУ СОЦИЈАЛИЗМОТ И КАПИТАЛИЗМОТ

Изминатите дваесет години, кога и формално, со распишувањето на првите плуралистички избори во РМ во 1990 година, беше напуштен социјализмот, преку бројни анкети беше направен обид да се идентификуваат ставовите на јавноста за комунизмот и неговите базични вредности. Вообичаено, во зависност од позитивната или негативната евалуација на поранешниот недемократски систем, аналитичарите прават процени за не/успешноста на демократската консолидација на одредена држава[1]. Секако дискутабилно е од неколку изолирани ставови да се изведуваат вакви паралели или, пак, да се рангира квалитетот на новите демократии, но сепак заслужуваат внимание, посебно во компаративните студии на прифатеноста на новите, наспроти старите вредности кои беа иманентни за комунизмот како идеолошки концепт.

Тоа е и причината што, во рамките на анкетното истражување беше поставена и батерија прашања кои реферираат токму на овој аспект. При тоа, заради споредбени согледувања, некои од нив се совпаѓат со прашањата кои беа дел од анкетата реализирана во рамките на проектот „Политичката култура на РМ" во 1999 година. Временската дистанца од десет години, секако, овозможува да се согледа дали во меѓувреме има промена во ставовите на граѓаните, односно, дали развојот на демократијата во Република Македонија создаде „мнозинство на убедени демократи"[2].

Иако од анализата на споредбените податоци се очекуваше да се евидентира извесно зголемување на процентот на испитаници кои ги претпочитат исказите кои се во поголем степен конзистентни на либералните вредности, сепак, во одговорите, не се забележани некои поиндикативни промени во оваа насока.

Дури, во однос на исказот „ **Социјализмот беше праведен систем**", бројот на респоденти кои се согласува со овој став бележи извесно зголемување, односно потврдно одговориле 42% од анкетираните наспроти 36% кои вака одговориле во 1999 година. Несогласувањето со овој став го споделуваат 58% од респодентите, што е за 4% помалку во однос на уделот на негативните одговори регистрирани во претходното истражување.

[1]Види: Линц, Х.Х. и Степан, А. (2009) Проблемите на демократската транзиција и консолидација. Академски печат, Скопје, стр.194

[2]Исто, стр.198

Што се однесува до исказите **„На богатите треба нешто да им се одземе за другите да имаат повеќе“** и **„Капитализмот не е добар систем за Македонија“** ставовите се речиси рамномерно поделени меѓу одречниот и потврдниот модалитет, односно речиси секој втор испитаник (51%) се согласува дека на богатите треба нешто да им се одземе за другите да имаат повеќе, односно дека капитализмот не е добар систем за Македонија (46%).

Најголемиот расчекор во согласувањето или несогласувањето се регистрира во однос на ставовите **„Повеќепартискиот систем не е добар“** (67%) и **„Подобро е парите да се во рацете на помал број способни луѓе“**. Имено, со наведените искази не се согласуват 67% односно 65% од анкетираните.

Инаку, компаративно гледано, и по десет години, според одговорите на испитаниците, се забележува релативно висока конзистентност во не/согласувањето со исказите дека на „богатите треба нешто да им се одземе за другите да имаат повеќе“, „Повеќепартискиот систем не е добар“ и „Подобро е парите да се во рацете на помал број способни луѓе“.

**Табела 1**

| | Согласност со ставови | 1999 год.* | | 2010 год. | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Да | Не | Да | Не |
| 1/1. | Само социјализмот беше праведен систем | 36% | 62% | 42% | 58% |
| 1/2. | На богатите треба нешто да им се одземе за другите да имаат повеќе | 53% | 46% | 51% | 49% |
| 1/3. | Капитализмот не е добар систем за Македонија | / | / | 46% | 54% |
| 1/4. | Подобро е парите да се во рацете на помал број способни луѓе | 36% | 63% | 35% | 65% |
| 1/5 | Повеќепартискиот систем не е добар | 29% | 69% | 33% | 67% |

* Збирот на потврдните и негативните одговори за 1999 година прикажани во табелата не изнесува 100%, бидејќи на анкетираните покрај наведениве два модалитета им беше понуден и трет, односно им беше дадена можност да одговорат и со „не знае“. Во секој случај, според податоците, бројот на оние кои одговориле со „не знае“ е незначителен и се движи меѓу еден или два проценти.



Одредени социодемографски карактеристики на испитаниците, според одговорите, бележат отстапувања од регистрираната општа дистрибуција.

Воедно во анализата, како детерминанта на одговорите во оваа група прашања, е вклучен и декларираниот идеолошки профил на испитаникот.

Така анализиран исказот **„Само социјализмот беше праведен систем“** (Графикон 1), од аспект на варијаблите регион, етничка припадност, возраст и образование, натпросечно го споделуват анкетираните од Источниот регион (75%), Ромите (72%) и Македонците (48%), двете највозрасни групи (61%, односно 60%), како и испитаниците со незавршено (75%), односно завршено основно образование (58%). Иако декларираните „левичари“ само за 3% повеќе од просекот се согласуват со наведениот став, сепак нивниот удел во потврдните одговори (45%) е значително повисок во однос на испитаниците од „десницата“ (35%) и центарот (34%). Ваквата слика на одговори секако не изненадува, бидејќи станува збор за категории испитаници кои поради своето субјективно искуство (постарите генерации, како и социјално загрозените), односно идеолошка преференција („левицата“) се очекува во поголем степен да projават позитивна перцепција за претходниот систем.




**Графикон 1**

Со ставот **„На богатите треба нешто да им се одземе за другите да имаат повеќе“** (Графикон 2), судејќи според одговорите, најмногу се согласуват учесниците во анкетата од Источниот (73%), Североисточниот (63%) и Полошкиот регион (61%), потоа анкетираните Роми (72%), двете највозрасни групи (60%, односно 59%), како и оние со понизок степен на образвование (незавршено основно- 65% , односно завршено основно образование- 67%) и респодентите од руралните средини- 61%. Иако егалитаризмот како вредност реферира на идеологиите кои се блиски на левицата, па, разбирлива е поголемата подршка на овој став кај анкетираните кои себе се дефинираат како левица (55%), сепак изненадува и високиот процент на потврдни одговори кај групата испитаници од „десницата“ (45%).




**Графикон 2**

Поради специфичноста на овој блок прашања, би било погрешно да се анализираат исклучиво низ призмата на нивната поврзаност со идеолошката матрица преку која учесниците во анкетата ги вреднуват понудените искази, зашто неспорно е и личното искуство кое го имаат доживеано респодентите во претходниот политички систем што секако имплицира одредена дистрибуција во одговорите. Исто така, фактот што политичките елити потхрануваат ставови блиски на егалитаризмот, односно создават слика во која богатењето има само негативна конотација, непочитување на приватната сопственост и слично, може да бидат дополнително објаснување за ваквиот тренд во одговорите. Тука можеби е и одговорот, на прашањето, зошто во последното истражување токму кај етничката група Албанци има промена во трендот на поддршката на овој исказ - група која во претходното истражување манифестирала повисок процент на несогласување со овој став (во последното истражување испитаниците Албанци за 11% повеќе го преферираат потврдниот модалитет).




**Графикон 3**

Најголем расчекор во позитивното вреднување на исказот **„Капитализмот не е добар систем за Македонија“** (Графикон 3) се евидентира меѓу респодентите од Источниот (75%) и Вардарскиот регион (60%), од една страна, и анкетираните од Полошкиот (31%) и Југозападниот регион(33%). Вакво отстапување во одговорите има и меѓу испитаниците Роми (83%) и Македонци (52%) кои натпросечно го претпочитат потврдниот одговор, наспроти 25% од анкетираните Албанци, но и меѓу учесниците од урбаните (48%) и руралните средини (41%). Исто така, и варијаблите возраст и образование на учесниците во анкетата детерминираат извесни промени во поддршката на наведениот став. Така, според одговорите, кај повозрасните прогресивно се зголемува степенот на согласување со наведениот исказ, додека со зголемување на степенот на образование се евидентира обратен тренд, односно прогресивно се намалува бројот на оние кои се согласуват со споменатиот став. И во овој случај респодентите кои идеолошки се перцепираат себе како „левица“ во поголем процент се застапени во потврдните одговори, односно секој втор испитаник се согласува дека „Капитализмот не е добар систем за Македонија“, наспроти 40% декларирани респоденти од „десницата“, односно „центарот“.






**Графикон 4**

Социодемографските карактеристики на испитаниците во однос на ставот **„Подобро парите да се во рацете на помал број способни луѓе“** (Графикон 4) не воочуват подрастични отстапувања од генералната слика на одговори. Сепак, може да се забележи дека овој став им е во поголем процент прифатлив на респодентите од Североисточниот регион (55%), Ромите (67%), најстарата возрасна група (44%), оние кои живеат на село (41%), како и испитаниците со најниските степени на образование. Идеолошкиот профил на испитаникот не се јавува како некоја респективилна варијабла. Отстапувањата меѓу оние кои се согласни, односно несогласни со исказот е за само неколку проценти повисок кај анкетираните кои на оската лево или десно се определуват како „левица“.

Во секој случај, и во ова истражување се манифестира генерално неприфаќање на можноста богатството да биде концетрирано во рацете на помал број способни луѓе.




**Графикон 5**

Критички однос кон **„повеќепартискиот систем“** (Графикон 5) над просечно е застапен во одговорите на респодентите од Источниот регион (53%), Ромите (67%) и Турците (40%), двете највозрасни групи (45%) и оние со пониски степени на образование. Во овој случај, декларираните „левичари“ се во рамките на просекот, но сепак со извесен процент побројни од нивните сограѓани од „десницата“ или „центарот“. Споредбено гледано со претходното истражување, оваа одредница на демократскиот плурализам и понатаму пројавува релативно цврста конзистентност во одговорите на испитаниците, од аспект на нивните социодемографски белези.

# Контекстот како експланаторна варијабла

Не/согласувањето на испитаниците за понудената листа на вредности некоректно е да се евалуира како нивна генерална реакција на демократските промени во РМ. Затоа и одговорите на овие прашања не може да послужат како документирање на не/поддржување на градење на демократскиот модел на политички систем на Република Македонија. Барањето аргументи за ваквата дистрибуција во одговорите нужно нѐ води кон поширокиот контекст како експланаторна варијабла (наталожени проблеми особено во економијата, сиромаштијата, неправедната приватизација, корумпирани партиски елити, лошо конципирани реформи, незаокружен надворешен суверенитет).

Долгиот процес на транзиција на македонското општество од социјалистичкиот во либералниот модел на демократија, упатува на заклучокот дека за успехот на ваквиот премин не е доволна само декларативната заложба на клучните актери, туку дека е неопходно нивно кординирано и синхронизирано дејствување, и тоа, не само во дизајнирањето на реформите, туку и во нивната имплементација.

За овие дваесет години, македонското општество не успеа да создаде претпоставки за консолидирање на демократијата, што влијаеше транзицијата да се перцепира како состојба, а не како нужен период за мобилизирање на елитите во спроведувањето на политичките и економските реформи[3]. Имено, подолго присутната ерозија на социјалистичкото општество создаде претпоставки за преговори меѓу актерите на старата и новата политичка парадигма. Оттука, степенот на отстапките и тактизирањето во спроведувањето на реформите беше условено од тоа кои структури имаа доминантно влијание во одлуките за насоките за промени. Ова особено беше евидентно во сферата на приватизацијата[4]. Станува збор за процеси кои се комплексни и чувствителни, и кои инволвираат широк круг на лица со различни позиции и бекграунд. Ова дополнително го усложнува и дејствувањето на политичките партии, кои во текот на целиот период го супституираат функционирањето на правната држава во Република Македонија.

> **Неефикасноста на политичките елити во спроведувањето на реформите, посебно на економски план, и тактизирањето со преземањето на радикални чекори во процесот на трансформацијата на македонската економија, беа една од причините што Република Македонија го изгуби чекорот со земјите со кои ја споделуваше транзициската судбина.**

[3] Примарната мисија на државата е успешно да балансира во заштитата на одредени доделени интереси и моќи, но истовремено тие да не ги блокираат неопходните структурни промени кои се двигател на идниот развој. Токму на ова ниво од особена важност е исполнувањето на два предуслова. Способност за политички компромиси и соработка меѓу елитите, како и обезбедување општествена кохезија. Во таа смисла, степенот на кохезија кој може да го обезбеди една држава ја прави поуспешна во заштитата на државата од доминантност и контрола на оние на кои им се загарантирани одредени интереси и моќи. Види: Espen Moe: The Economic Rise and Fall of the Great Powers: Technological and Industrial Leadership since the Industrial Revolution World Political Science Review: *Vol. 3 : Iss. 2, Article 2.ūū*

Во таа смисла, трансферот на сопственоста, кај нас, не го отвори само прашањето на редистрибуцијата на моќта, туку актуелизира и дополнителни теми и размисли:

- Дали трансферот на сопственоста е законски и дали новиот сопственик е легитимен?
- Дали секоја приватизација е криминална и кој профитира од неа?
- Дали социјалното раслојување се продлабочува?
- Каква е улогата на државата во тие процеси, во кој степен е нужно нејзиното инволвирање во економската сфера?
- Што се случува со старата вредносна матрица. Дали социјализмот е поправеден систем од капитализмот?

Секако не е лесно да се даде одговор на овие прашања, а притоа да не се прошири хоризонтот на интересот за темата, бидејќи таа е повеќеслојна и во голем степен во експликацијата идеолошко теоретски детерминирана. Токму новите либерални вредности го детерминираат контекстот во кој би требало да се спроведат реформите и да се етаблираат новите институции и односи. Затоа и не смее да се потцени овој аспект, бидејќи успехот или неуспехот на реформите е, во голем степен, условен од овој факт (контекст). Проблемите што го следеа курсот на приватизацијата, кај нас, секако, ги направи луѓето скептични кон резултатите и ефектите што ги носат промените. Прифаќањето на новите вредности е секако важен input на граѓаните во обезбедувањето поддршка за суштинските реформи кои се спроведуваат.

Само во таков случај либерално вредносната ориентација на граѓаните нема да биде нешто што им се наметнува од „горе“ (од власта), туку ќе биде конзистентен и предвидлив образец на однесувањето на граѓаните во Република Македонија.

**Идентификувањето со новата матрица на вредности својствена за земјите со пазарна економија (компетиција во политиката и пазарот, индивидуални слободи и права, приватна сопственост, вреднување на трудот, еднаквост во шансите и др.) нема да биде декларативна заложба само тогаш кога овие вредности ќе ја етаблираат својата позиција во системот, односно ќе бидат темелот на сите системски решенија.**

[4] „Владините агенции, особено оние кои директно го водеа процесот на приватизација беа под силно влијание на членовите на старата елита, која за кратко време се трансформираше во нова менаџерска елита со пазарна ориентација. Фактот што „дизајнирањето“ на новиот систем остана во рацете на моќната бирократија, во отсуство на јасни правила (закони пред сѐ) на однесување и даде реални шанси, не само да го задржи влијанието во креирањето на новиот систем, туку и да ја зацврсти сопствената позиција во сферата на економијата, приграбувајќи го најголемиот дел од општествениот капитал, кој беше подложен на приватизација.“ Ацески, Илија (2002) Општеството и човекот во транзиција (трет дел). Филозофски факултет, Скопје, стр.102

Токму на овој план, македонските елити, тактизирајќи со радикалните реформи, за да не ја изгубат довербата на своите граѓани, што беше и нужен краткорочен ризик, се определија за бавни, понекогаш и контоверзни потези, кои балансираа со старите и новите вредности[5]. Емпириските податоци од различни истражувања кај граѓаните регистрираат извесна конфузија и збунетост за концептот на приватизацијата. Повеќето од нив немаат адекватна претстава за економските перспективи на приватизацијата и пазарната економија генерално[6].

Она што уште повеќе го усложнува валоризирањето на промените кај нас, е фактот што тие беа проследени со низа проблеми кои се манифестираа на повеќе нивоа од општествениот живот. Така, заложбата за консолидација и стабилизација на економскиот и политичкиот систем на Македонија се соочи со динамичен тренд на **осиромашување на населението, зголемување на невработеноста и опаѓање на животниот стандард**. Токму ваквата реалност ја детерминира регистрираната дистрибуција на одговори, која сепак претставува субјективно валоризирање на вредностите како реални постулати, а не како апстрактно дефинирани идеали.

## Јавноста за државјанството

Еден од проблемите кој се актуелизира во процесот на транзиција на македонското општество, беше и прашањето како да се дефинира „демосот“, односно кои услови треба да бидат исполнети за да може едно лице да добие статус на државјанин на Република Македонија. Всушност, остварувањето на демократијата е поврзано со државјанството преку кое се материјализира „демосот“ како субјект на демократијата. При тоа, тој не претставува само механички збир на субјектите кои живеат на територијата на одредена држава, туку тоа се државјаните кои се носители на суверенитетот на државата. Секако ова прашање би било многу полесно за елаборација до колку демосот се граѓаните со сите нивни индивидуални разлики и специфичности, отколку народот сфатен како колективитет, кој вообичаено се идентификува со одредена нација. Токму овие дилеми го следеа процесот на уставниот инженеринг кај нас. Се работи за чувствително прашање, кое не е само теоретско, туку има и практични импликации, посебно

[5] Фактот дека транзицијата во Република Македонија трае веќе 20 години, и сѐ уште е во речиси почетна фаза, за авторките Ганчева и Петрова, не е случаен. Според нив „Во изминатите четири парламентарни изборни циклуси не се најд ниту една политичка сила која би излегла надвор од популистичката реторика за да спроведе вистински, радикални, структурни и економски реформи.“ Види: Ганчева, Ј. и Петрова, П. (2007) Демагошко флертување со толпата. Форум-Аналиктика бр.8, Скопје стр.63-64

[6] Предложениот концепт за приватизација на ЕСМ , на кој јавноста се противеше поради горчливото искуство со приватизацијата на МТ, создаде несогласување кое можеше да резултира со дестабилизирачки ефекти, особено поради игнорирањето и нетранспарентниот став на владата. Види: Macedonia early warning report, Jun 2005, pp28 Овие случувања и претходеа на либерализацијата на пазарот на електрична енергетика, што го потврдуват и денешните случувања со ЕВН. Тука може да се спомне и контроверзнната продажба на Окта, потоа неуспешната продажба на ТЕЦ- Неготино и многу слични помали и поголеми афери, кои влијаат дезоринтирачки за граѓаните во Македонија, кои се обидуват да го видат излезот од лавиринтот наречен транзиција.

за мултикултурните општества[7]. Не случајно ова е и еден од критериумите за тоа дали демократијата во едно општество ја одредуваме како инклузивна или не. Во оваа смисла, во рамките на анкетата беше поставено и прашањето, дали испитаниците се согласуват со ставот дека **„Во Македонија не смее повеќе да се дава државјанство на никого освен на оние родени во неа“** (Графикон 6). Според одговорите, евидентно е дека ставовите на анкетираните се поделени во однос на овој императивен исказ. Имено, 52% од респодентите не се согласуват со исказот, додека 48% го мислат спротивното, односно се согласуват дека не смее да се дава државјанство на никого освен на оние што се родени во Македонија. Одговорите на ова прашање, споредбено гледано со истражувањето од 1999 година, пројавуват извесна разлика. Имено, процентот на оние кои имаат порезервиран став кон ваквата можност е намален во однос на претходното истражување, односно 5% помалку испитаници се согласуват со наведениот исказ.

[7] Интересен прилог во разгледувањето на прашањето „Дали постојат околности во кои демократијата и националната држава се противставени конфликтни логики?“ дава авторот Alfred Stepan во статијата “When Democracy and the Nation- State Are Competing Logics: Reflections on Estonia” European Journal og Sociology No 35,1994, pp 127- 141




**Графикон 6**

Секако анализата на општата дистрибуција на одговорите низ призмата на независните варијабли воочува драстични отстапувања, посебно во однос на регионот и етничката припадност како белези на испитаникот. Така, најголемиот процент на испитаници кои не се согласуват со наведениот исказ се анкетираните Албанци (87%), респодентите од Полошкиот (81%) и Североисточниот регион (63%). Исто така и претставниците на турската заедница (67%) кои учествуваа во анкетата натпросечно се застапени меѓу оние кои искажуват несогласување. Секако ваквиот расчекор во одговорите не изненадува, посебно кога овој исказ го вреднуват претставници на одделни етнички заедници кои се соочуват со низа потешкотии во обезбедувањето на условите потребни за добивање државјанство. Она што изненадува е фактот што токму испитаниците Роми се најбројни меѓу оние кои се согласуват со овој став (63%) иако, според многу истражувања, токму оваа заедница се судира со бројни проблеми во официјализирањето на својот статус[8]. Во групата која натпросечно го споделува ставот дека во Македонија не смее повеќе да се дава државјанство на никого освен на оние родени во неа се респодентите од Пелагонискиот регион (82%), како и репрезентите на двете највозрасни групи- (59% и 65%). Идеолошкиот профил на анкетираните не регистрира некои позначајни осцилации во однос на генералната слика на одговори. Секако, причината за поделеноста во ставовите на испитаниците е проблематично да се изведува од одговорите на само едно прашање. Но перцепцијата на релацијата поединец - држава е поврзана со субјективното толкување на прашањето, што значи државјанството и кои права и обврски ги востановува за неговите носители, па оттука и не/прифаќање на одредени лимити во добивањето на овој статус. Можеби затоа ваквата перцепција не е коректно да се става во релација со степенот на демократскиот

[8] Иако со Законот за измена и дополнување на Законот за државјанство на РМ од 2004 година се направи извесна либерализација на условите за добивање државјанство, сепак ефектот од ваквите измени беше оценет како дискриминаторен од страна на ромското население. Види: Стратегија на Ромите (2006) Влада на РМ

развој на општеството[9], но креаторите на политиките треба да создават претпоставки за сфаќање на државјанството како реален концепт „momentum concept”[10] кој е прогресивен, динамичен и отворен. Станува збор за концепт кој е ослободен од бариерите што ги потхрануваат „сомнежите во однос на тоа, дали државата е еднаква за сите државјани“ или само за некои од заедниците[11].

[9] Потврда на ова се и контроверзите кои ги продуцира овој проблем денес и во развиените демократии. Соочени со проблемот на имиграцијата се повеќе се вградуват рестриктивни критериуми кои дополнително го усложнуват добивањето на државјанството. На пример, Законите за државјанство на Холандија и Сојузна Република Германија.

[10] Види:Hoffman, J and Graham, P. (2006) Introduction in Political Concepts. Pearson. Longman. Essex, pp 148

[11] Линц, Х.Х. и Степан, А. ,ибидем стр.516

Д-р Емилија Симоска

# ИНДИКАТОРИ НА АВТОРИТАРНАТА СВЕСТ

Мошне често во литературата може да се сретне тврдењето дека авторитарноста е најголем непријател на демократијата. Вообичаено, во политичките истражувања таа се анализира во контекст на тоталитарните режими, иако не е туѓа на ниту едно општество. Познатите класификации на политичката култура ја земаат токму авторитарноста како битен индикатор на нејзиниот тип и ниво.

И покрај тоа што авторитарноста не може прецизно да се измери со анкета и скала за мерење вредности, постојат неколку групи индикатори кои извонредно ја илустрираат. Во концепирањето на проектот е појдено од определбата на авторитарноста како однесување на поединецот во кое се покажува подреденост на авторитети (личности или институции, идеи) и едновремена нетрпеливост, или агресивност (зависно од степенот) кон субјектите кои се под него во социјалната хиерархија. Во изборот на индикатори е користена шемата на Теодор Адорно , според кој за ваква цел би можеле да се издвојат следниве:

- авторитарната субмисивност - како идеализирање на авторитетот како поим;
- агресивноста - како потреба за казнување на секоја девијација од вообичаените норми;
- конвенционализмот (афирмиран главно преку послушноста како посакуван начин на однесување);
- некритичко почитување на власта во најширока смисла, строгоста и дисциплината - како вредности врз кои би требало да се темели функционирањето на општествениот систем;

Овие индикатори се вклучени во мерењата на вредностите на идентичен начин и во истражувањето од 1999 година и во она од 2010 година, поради што податоците чија презентација следува се целосно компарабилни.

[12] Преземена од неговото дело „Авторитарна свест“, објавено прв пат 1951

# Кој е најголемиот авторитет?

На ова прашање, одговорите на испитаниците во истражувањето биле поделени. За близу половината од нив (42%), најголем авторитет е Господ или Алах. Што се однесува до останатите авторитети, за Претседателот на државата или на Владата се определиле 18,6%, за шефот на работното место или директорот - близу 7%, за лидерот на својата партија - 4,2%; испитаниците кои се студенти со 3,5% ги навеле професорите; министерот кој раководи со министерството врзано за професијата на испитаникот - 2,1%. Најдолу на листата се наоѓаат поглаварите на верските заедници со 1%, додека 22,2% тврдат дека не веруваат во никакви авторитети.

Интересна е разликата што се појавува кога испитаниците се гледаат од аспект на нивната етничка припадност (Табела 1)

**Табела 1:** **Кој е за вас најголемиот авторитет?**

| Авторитет | Македонци % | Албанци % | Турци % | Роми % |
|---|---|---|---|---|
| Претседател, Премиер, | 24,1 | 3,3 | 7,3 | 47,8 |
| Министерот од мојот ресор | 2,5 | 1,8 | 0 | 0 |
| Мојот шеф, директорот | 8,4 | 2,1 | 2,4 | 0 |
| Моите професори | 2 | 9 | 0 | 0 |
| Лидерот на мојата партија | 3,7 | 6,7 | 0 | 2,2 |
| Поглаварот на мојата верска заедница | 0,7 | 1,5 | 2,4 | 2,2 |
| Господ, Алах | 30,9 | 63,8 | 76,8 | 43,5 |
| Не верувам во авторитети | 27,6 | 12,3 | 11 | 4,3 |



**Евидентно е дека кај муслиманскиот дел од популацијата политичките авторитети воочливо заостануваат зад верските. Ваков тренд постои во изминативе 20 години, а особено е забележителен последниве десет.**

Што се однесува до возраста на популацијата, единствена воочлива разлика се појавува меѓу најстарите испитаници (каде што претседателот или премиерот се појавуваат кај над четвртина, односно, 27%), за разлика, на пример, од најмладите, каде што овој одговор се среќава во многу помал процент – 11,9%. Меѓу другите старосни групи нема битни отстапувања.

Никакви разлики не се појавуваат од аспект на полот на испитаниците.

Образованието игра своја улога во однос на ова прашање. Така,

Господ или Алах како авторитети, се појавуваат кај голем дел од испитаниците кои имаат завршено само основно образование (63% од нив го одбрале овој модалитет), за разлика од двојно помалиот процент на овој одговор кој се појавува кај испитаниците со средно образование – 38% и уште помал – 35,9% кај оние со високо образование. Исто така, за околу 10% повеќе високообразовани граѓани изјавиле дека воопшто не веруваат во авторитети (26,2%) во споредба со оние со основно образование каде ваквата категорија бележи само 13,5%.

Во однос на географските региони, интересно е да се спомене дека највисокиот процент на оние кои не веруваат во авторитети се појавува во Вардарскиот регион – 32,7%, Југоисточниот – 28% и Скопскиот – 26%, а најмалку ги има во Пелагонискиот – 12%. Другите одговори се движат околу просекот.

Резултатите од реализираните фокус групи генерално потврдуваат дека политичките субјекти имаат помал авторитет од верските. Голем дел учесници инсистирале на тоа дека воопшто не веруваат во авторитети.

> **Доминираат ставови како на пример:**
>
> **„Народот посложно би живеел без политичарите. Тие ги создаваат проблемите и не делат“ или „Никој од нив немаат политичка култура“.**
>
> **„Поповите и владиците се поголеми политичари. Не им верувам, ништо не ми значат“**
>
> **„Сам на себе сум си авторитет. Тоа ми остана“**

Недовербата изразена на фокус групите беше особено воочлива кај младите.

* * *




**Графикон 1**

**Државата е најзначајна вредност** за дури 72,2% испитаници, додека 27,3% не се согласуваат со овој став (Графикон 1).

Во Источниот регион вакви позитивни одговори има во многу висок процент – дури 91%, за разлика на пример од Полошкиот, каде бројот е двојно помал - 48,7%.

Кај Македонците ставот дека државата е најзначајна вредност е прифатен од страна на 73,5% испитаници, додека кај Албанците само кај 53,6%. (кај Турците изнесува 72%, а кај Ромите дури 89%. Ромите и на фокус групите постојано потенцираа дека и покрај лошата социјална состојба, државата нешто прави за нив и треба да се почитува.)

Прифатеноста на овој став расте пропорционално со возраста, така што кај најмладите испитаници овој одговор се среќава кај 68,7%, додека кај најстарите изнесува дури 82,6%.

Во однос на образованието, може да се забележи дека високообразованите

испитаници во помала мера се согласни дека државата е најзначајна вредност (65,7%) во однос на останатите, каде прифатеноста е над 70%.

Мало, но воочливо отстапување на позитивни одговори има и кај селската популација – 63,8% за разлика од градската – 76%.

Пред десет години, со овој став се согласиле повеќе граѓани, или вкупно 87,5%. Поголем бил и процентот кај сите етнички групи. Може да се заклучи дека вербата во државата и кај Македонците и кај Албанците во изминатава деценија паднала за околу 20%., но значително пораснала, на пример, кај Ромите.




**Графикон 2**

**Преголемата демократија** ја доживуваат како штетна дури 50,7% од испитаниците, а 49,3% дале негативен одговор. За општество во кое демократијата постојано се декларира како фундаментална вредност, овој податок е поразителен (Графикон 2).

Групи кои се издвојуваат во однос на верувањето дека демократијата е штетна се главно: Македонците, најстарите испитаници и оние со незавршено основно училиште, каде процентот на ваквите одговори се движи и над 60%.

Она што најмногу загрижува е податокот според кој и пред десет години бил речиси еднаков соодносот меѓу оние кои сметаат дека преголемата демократија е штетна (53%) и оние кои со тоа не се согласиле (47%). Очигледно ни половината од граѓаните на Македонија, во изминатава деценија не успеале да ги доживеат придобивките на демократското општество како нешто корисно, нешто што би го посакувале.






**Графикон 3**

Затоа пак **послушност кон политичките лидери** (Графикон 3) препорачува скоро половина од испитуваната популација (40,4% се согласни дека треба да се слушаат и почитуваат политичките лидери, а нешто поголем број, 59,6%, тоа го негираат).

Мажите се за околу 8 проценти повеќе подготвени за послушност од жените.

Од аспект на етничката припадност, има извесни, но не и драстични отстапувања. Така, на пример, кај Албанците ваквата послушност ја одобруваат 47%; Ромите - 56%, за разлика од Македонците, каде бројот е најмал -39%.

Во однос на другите обележја на популацијата речиси и да нема разлики. Овој став е исто така прилично конзистентен и не може да се забележат никакви разлики за изминативе 10 години.

Консеквентно на претходните две прашања е тоа што над две третини од испитаниците не посакуваат никаква поделба на власта, туку сметаат дека **државата треба да ја води само еден но авторитетен човек** (Графикон 4).

Имено, 68% го прифатиле овој став, наспроти 32% кои тоа не го одобруваат.

Единствено кај Ромите се појавуваат позитивни одговори во повисок процент од просекот (дури 87%). Најмалку овој став се прифаќа од страна на најмладата популација меѓу 18 и 25 години старост – 62%, а потоа бројот сразмерно расте по неколку проценти кај секоја старосна група, за да достигне 80% кај испитаниците кои се над 65 години.

Образованието воочливо има своја улога, што може да се види од следнава табела 2.




**Графикон 4**

**Државата треба да ја води само еден но авторитетен човек**

| | Незавршено основно | Основно | Средно | Високо |
|---|---|---|---|---|
| **Да** | 85,7% | 83% | 68,5% | 56,5% |
| **Не** | 14,3% | 17% | 31,5% | 43,5% |

**Табела 2**

Од аспект на регионите, највисок процент позитивни одговори – над 80% се забележува во Источниот и Пелагонискиот, а најнизок -по 58% во Полошкиот и Североисточниот регион.

Пред 10 години позитивен одговор на ова прашање дале дури 82,8%, но тогаш немало разлики меѓу граѓаните по ниту еден критериум. Тоа значи дека после една деценија, единствено високообразованата популација за речиси 30% помалку прифаќа само еден авторитет на чело на државата.

**Потреба за припадност кон некоја политичка партија** чувствуваат само 24,7%, а 75,3% не се согласуваат дека партиската припадност е нужна. Имајки ја предвид партизацијата на општеството, позитивен податок е што сепак мал број луѓе го прифатиле овој став (Графикон 5).




**Графикон 5**

Над просекот вакво изјаснување се појавува кај Албанците (34,4%), за разлика од Ромите и Македонците кај кои потребата од припадноста е забележана кај само околу една петтина. Овој број е најнизок кај Турците – само 11%.

Ваквата потреба е најизразена кај најмладата популација која е на возраст од 18-25 години, (33,7%), додека кај постарите испитаници опаѓа пропорционално, за да се спушти на само 14,9% кај лицата кои се над 65 годишна возраст. Меѓутоа, се чини дека причините за ваквите одговори не произлегуваат од потребата за здружување, колективна акција и сл., барем од сознанијата добиени на фокус групата со младите. Имено, тие ваквиот став го објаснуваат со исклучиво прагматични мотиви. Еден од илустративните коментари на младите учесници, со кој се согласи целата фокус група, на пример е:

**“Без партија си ништо. Не затоа што се подобри од мене, ама контролираат се. Ни работа, ни напредок ни стан не се купува без нив. И не е битно дали се власт или опозиција. За крадење да ги фатат се прават жртви политички. Ако си сам си крадец, ако си од партија – политички гонет. Ете затоа сум се зачленил. Седам на иста маса и со умни и со уличари. Не ми е убаво ама заштитен сум.“**

Возраста е единствено обележје во однос на кое се појавуваат разлики.

Исто така, нема преголеми разлики во однос на истражувањето спроведено пред 10 години, освен што околу 10% повеќе испитаници денес имаат ваква потреба за здружување. И тогаш во позитивните одговори предничела младината, особено студентите. Разлики од етнички аспект немало, што статистички пресметано покажува дека ваквата потреба најмногу пораснала кај Албанците.




**Графикон 6**

**Послушноста** (Графикон 6) во нашето општество честопати е опишана како особина која е дел од националниот менталитет. Иако е прашање дали во Македонија има модел на национален менталитет, податоците покажуваат дека не е мал бројот на граѓани кои послушноста навистина ја сметаат за најважна добродетел. Така, ставовите се прилично поделени – 51,9% се согласни со ова тврдење, а 48,1 не.

Од овој просек отстапуваат Албанците, кои во помала мера се согласуваат дека послушноста е најважна (39,5%), за разлика од другите етнички групи кои се движат околу просекот.

Високообразованите испитаници исто така имаат помал број позитивни одговори од просекот - 38%.

Гледано од аспект на возраста, произлегува дека „најпослушна“ група се работоспособните (испитаниците од 45-65 години), кои околу 60% се согласиле со овој став.

Во споредба со 1999 година, се чини дека значењето на послушноста опаѓа. Тогаш оваа вредност била респектирана од дури две третини испитаници. Најголемиот дел од оние кои го смениле ставот се наоѓа меѓу Албанците, додека кај другите етнички групи опаѓањето е помалку забележливо.

## Ред, дисциплина и казнување




**Графикон 7**

**„Ред може да се воведе само со казни“** е став со кој се согласиле 46,8% испитаници, додека 53,2% дале негативен одговор (Графикон 7).

Кај сите категории од популацијата постои поделеност слична на просекот. Единствено отстапување што треба да се регистрира е разликата која се јавува меѓу испитаниците со завршено основно образование, каде што согласноста е 51%, и високообразованите каде што ваквиот одговор е присутен со 40%, што е поразувачки мала разлика имајќи ја предвид содржината и импликациите од овој став.

Граѓаните од Полошкиот регион покажале најнизок степен на прифаќање на казните како средство за воспоставување ред, со само 39,7%, за разлика на

пример од оние во Југозападниот регион, кои со истиот став се согласуваат во највисок процент – 54,7%.

Меѓутоа, **максимално строгото казнување како единствен начин да се намали криминалот** го посакуваат дури над две третини (67%) а само 33% се против. Тоа значи дека, дефинитивно, како аспирација кај македонските граѓани доминираат репресивната политика и средства.

Мажите и жените се изјаснуваат речиси исто, но разлики постојат гледано според етничката припадност. Така, Кај Албанците се појавува најнизок процент на позитивни одговори – 59,7%, потоа кај Турците – 67,1%, па кај Македонците – 69%, додека највисок е кај Ромите – дури 80,4%.

Порелевантни разлики можат да се забележат во однос на возраста и образованието на испитаниците, како што е прикажано на табелите 3 и 4.

| | 18-25г. | 26-30г. | 31-40г. | 41-50г. | 51-65г. | Над 65г. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | 53,5% | 61% | 67,5% | 71,2% | 74,8% | 76% |
| Не | 46,5% | 39% | 32,5% | 28,8% | 25,2% | 24% |

**Табела 3**
**“Единствен начин да се намали криминалот е максимално строгото казнување“ (според возраста)**

| | Незавршено основно | Завршено основно | Средно | Високо |
|---|---|---|---|---|
| Да | 61,2% | 79% | 66,6% | 62,3% |
| Не | 38,8% | 21% | 33,4% | 37,7% |

**Табела 4**
**“Единствен начин да се намали криминалот е максимално строгото казнување“ (според образованието)**

Некакво подобрување може да се забележи споредбено со периодот од пред 10 години, кога позитивен однос исклучиво кон репресивните мерки покажале повеќе граѓани (79% изразиле согласност со овој став). Опаѓањето во изминатава деценија е покарактеристично кај македонската популација што се гледа од следнава табела 5




**“Единствен начин да се намали криминалот е максимално строгото казнување“ (според образованието)**

**Графикон 8**

**Табела 5**

**“Единствен начин да се намали криминалот е максимално строгото казнување“ (според етничка припадност и година)**

| | Македонци | | Албанци | |
|---|---|---|---|---|
| | 1999г. | 2010г. | 1999г. | 2010г. |
| Да | 83,5 | 69 | 64 | 59,7 |
| Не | 16,2 | 31 | 34,3 | 39,2 |

Дел од оваа популација се согласува и со постоењето на **смртната казна,** иако помалку од третина (29,6%), додека мнозинството 70% се против неа.

За 5-8 проценти во позитивните одговори предничат мажите и Ромите, што не е особено релевантно.

Поголеми разлики се јавуваат според возраста. Така, најмладата популација, со висок процент - 80%, е против смртната казна, додека истите одговори изнесуваат 60% кај најстарата група, а самата поддршка на смртната казна расте пропорционално на возраста.

Слично на претходните прашања, 76% од високообразованите испитаници се против смртната казна, за разлика од оние со основно училиште, каде процентот изнесува 64%. Испитаниците со средно образование дале 69,8% негативни одговори.

Интересен податок е што во Североисточниот регион околу 94% граѓани се против смртната казна за разлика од другите региони кои се под просекот (на пример Источниот – 57%).

Ваквиот став кон максималната казна е прифаќан речиси во иста мера и од иста структура на население и во 1999 и во 2004.






**Графикон 9**

Сè уште, во сферата на репресијата и потребата за казнување, е и ставот дека на **оние кои го критикуваат уставот треба да им се изрече казна** (Графикон 9). Меѓутоа, Уставот е сепак симбол на државата за голем број испитаници, според резултатите од фокус групите, а државата, како што беше споменато од огромен број од нив беше опишана како највисока вредност. Тогаш, изненадува малиот процент на согласност со казнување на критичарите на Уставот – 23%.

Извесни разлики се појавуваат според етничка основа. Македонците со 27% и Ромите со 24% се приврзаници на ваква казна, додека помал процент на овие одговори се јавува кај Албанците – 12% и кај Турците – 18%.

Разликите гледани според возраста на испитаниците се незначителни, а од аспект на образованието, единствено високообразованите испитаници - со 84% (што е над просекот) се противат на вакви мерки, додека сите други категории се движат околу просекот.

**Полицијата треба и да тепа ако треба,** е став со кој се согласни 38% испитаници, а 62% се против (Графикон 10).

Жените за околу 10% помалку се согласуваат со тепањето, во споредба со мажите. Меѓутоа најголемо противење се гледа кај Ромите (84,8%) и кај Албанците (75,6%), потоа кај Турците (69,5%) и на крајот кај Македонците - со само 54,9%. Евидентни се два заклучока:

- ***дека македонската популација не ги прифаќа целосно законските решенија кои земјава (барем формално) ги има донесено, а кои се однесуваат на полициската бруталност;***
- ***дека ставовите на одделните етнички групи можеби се должат на различните искуства кои тие ги имаат со полицијата.***




**Графикон 10**

Сепак некакво подобрување има, доколку податоците се гледаат споредбено по периоди. Следнава табела 6 ги прикажува одговорите на ова прашање, споредбено за Македонците и за Албанците, каде разликите се најизразени.

| | Македонци | | Албанци | |
|---|---|---|---|---|
| | 1999 година | 2010 година | 1999 година | 2010 година |
| Да | 66,6% | 45% | 33,4% | 24,3% |
| Не | 33,3% | 54,9% | 65,7% | 75,6% |

**Табела 6**

**"Полицијата треба и да тепа ако треба" (според етничка припадност)**



Од аспект на возраста, одговорите на сите старосни групи помлади од 50 години се движат околу просекот, додека испитаниците над 50 години старост се во поголем број согласни со тепањето од страна на полицијата (речиси половина од популацијата).

И **затворениците треба да се тепаат** - според 21,8% граѓани- додека поголемиот број испитаници (78,2%) сепак се против. Сите етнички групи со над 80% се против ваквото казнување, освен Македонците кои се под просекот (74,9%).

**Казните за новинарите** (Графикон 11) кои изрекле клевета треба да се многу високи - според 38% испитаници. Разликите меѓу одделните групи испитаници се околу 5% и не се релевантни.

Во 2004 година е исто така мерен овој став, но тогаш имало 48% граѓани кои се согласиле со него. Разликата е премала за да биде известно дали граѓаните станале подемократични или пак последниве 6 години има премногу казни кои се изречени против новинари.




**Графикон 11**




**Графикон 12**

На крајот од овој блок прашања е измерен ставот дека **„Критикувањето на законите треба да биде забрането“** (Графикон 12)**,** со кој се согласуваат, за среќа, само 14% испитаници. Категоријата граѓани кои над просекот се согласни со овој став главно е концентрирана кај **македонското** население (18%) (за разлика на пример, од Албанците – 6,9%); **најстарите** испитаници - 16,5% (иако и другите групи се близу просекот) и испитаниците со **основно образование** (18,8%) и со **средно образование** (16,6%).

Во 1999 година со овој став се согласиле само 5,4%, исклучиво постари испитаници, што индицира негативен тренд во однос на можноста за слободно и критичко искажување.

Затоа пак близу половина популација (42,6%) се согласни дека **апсењата на јавни личности** треба да се одвиваат пред камери. Најзаинтересирани за ваквото кршење на човековите права се најстарите испитаници (59,5%) и селската популација (49,8%), а најмалку (иако несоодветно на категоријата) го одобруваат високообразованите граѓани (30,8%).

Ова прашање во фокус групите се наметна како тема единствено кај младите учесници. Дел од нив дури посакуваат и јавен линч. Причините ги објаснуваат со големата огорченост поради криминалот и корупцијата, при што веќе не им е битна формата на справување со него.

Овој став не е мерен во претходни истражувања бидејки ваквото кршење на правата тогаш не било појава во нашата земја.



* * *




**Графикон 13**

**Манифестирањето супериорност** е исто така индикатор на авторитарноста. Без можност да се тестира подетално, поради обемноста на темата, за илустрација може да се наведе еден од ставовите со кој вообичаено се мери оваа појава, а тоа е: **„Белата раса е супериорна“** (Графикон 13). Одговорите на граѓаните во однос на ова тврдење се поделени на два речиси еднакви дела: 45,6% се согласуваат, а 54,4% се против. Ниту една категорија испитаници не отстапува повеќе од 10% над просекот, освен Турците и високообразованите кои, со над две третини, се противат. Бидејки македонските граѓани немаат големо искуство во контакти или соживот со други раси, евидентно е дека не се работи за резултат на некакво искуство, туку за априорна супериорност, токму како индикатор на авторитарноста.

### Цензура

Теоретски гледано, прифаќањето на цензурата би требало да биде нешто што би се мерело во недемократските режими, а во нашето општество би требало да го сместиме во блокот прашања врзани за „остатоците од минатиот систем“. За жал, практиката покажува дека односот на граѓаните кон ова прашање е

таков, што цензурата се прифаќа од голем број од нив. Тоа значи дека цензурата не се доведува во врска со демократијата, туку повеќе се третира како нешто што е функционално или нефункционално, корисно или не, што го потврдуваат следниве податоци:.

Генерално по ова прашање, популацијата е поделена на два дела - 54% од испитаниците се согласуваат со ставот дека **цензура не смее** да се практикува, а 46% ја одобруваат цензурата. Загрижувачки е што речиси сите групи испитаници се со слични одговори. Не се издвојуваат ниту високообразованите, ниту градската популација, ниту оние кои себе си се сметаат за демократи.

Уште попоразувачки е фактот што прифаќањето на цензурата не опаѓа со текот на времето, туку напротив, расте. Така, во 2004 година 68% од испитаниците биле против цензура (14% повеќе од денес), а во далечната 1987 година, дури и во тој систем, 72% од граѓаните се изјасниле против.

Како што беше претходно споменато, аргументите на граѓаните делумно се објаснуваат со следниов став: **„Цензурата во науката, литературата и медиумите е корисна бидејќи народот не разликува добро од лошо“,** со што се согласиле дури 39% од испитаниците.

Помалиот процент се должи главно на високообразованата популација, која во однос на овој став има помал степен на согласност од просекот. Имено, со наведениот став за корисноста на цензурата се согласиле 44% од испитаниците со завршено основно образование, 41,5% со средно и 30% високообразовани. Другите групи не отстапуваат во своите одговори.

Во овој блок прашања, мошне загрижувачки е податокот дека дури 63,5% од граѓаните се согласуваат дека **„цензурата е добра кога ја прават компетентни луѓе“**. Ова упатува на заклучок дека и покрај тоа што околу 40% (на предходното прашање за генералната прифатеност на цензурата) се декларирале „за“, всушност овој број е над две третини (имајќи предвид дека цензурата е цензура без оглед дали ја прават компетентни луѓе или не).

Разлики меѓу одделните групи население се појавуваат главно од аспект на возраста и образованието, што е прикажано на следниве табели 7 и 8:

| | 18-25г. | 26-30г. | 31-40г. | 41-50г. | 51-65г. | Над 65г. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | 59,7% | 59,1% | 58,3% | 64,4% | 71,2% | 74,4% |
| Не | 40,3% | 40,9% | 41,7% | 35,6% | 28,8% | 25,6% |

**Табела 7**
**“Цензурата е добра кога ја прават компетентни луѓе“ (според возраст)**

**Графикон 14**

**“Цензурата е добра кога ја прават компетентни луѓе“ (според образование)**




**Табела 8**

**“Цензурата е добра кога ја прават компетентни луѓе“ (според образование)**

| | Основно образование | Средно образование | Високо образование |
|---|---|---|---|
| Да | 70,7% | 64,3% | 58,6% |
| Не | 29,3% | 35,7% | 41,4% |

Делумно охрабрувачки е што потребата за цензура е помала кај помладата генерација и кај испитаниците со високо образобание, иако бројот на позитивни одговори не соодветствува на очекувањата од овие категории граѓани.



## Војна, милитаризација

Односот кон војната, милитантноста, потребата од вооружување и сл. се индикатори за кои дел од аналитичарите во оваа област не се согласуваат дека припаѓаат во групата индикатори на авторитарната свест. Не е спорно дека тие се тема сама за себе и дека целосно поклопување на овие категории со авторитарната свест не е нужно. Меѓутоа, во овој контекст тие ќе бидат третирани како посредни индикатори, кои можат да послужат за поцелосно формирање на сликата на просечните македонски граѓани во поглед на авторитарноста како битен сегмент на политичката култура.

Според податоците, повеќе од една четвртина граѓани би сакале **Македонија да биде опремена со голема количина оружје од најсовремен вид**. Најголемиот процент од нив се лоцирани во Пелагонискиот регион, каде ваква желба имаат дури 56%, за разлика на пример од Скопскиот каде истите одговори се со фреквенција под четвртината. Солидна разлика се јавува меѓу Македонците кои посакуваат ваква опременост на државата (34%) и Албанците (16%).

Од просекот отстапува и категоријата граѓани постари од 65 години кои над 40% имаат ваква желба, додека кај оние од 40-50 години таа е двојно помала.

Високообразованите испитаници во најмал процент посакуваат современи и бројни оружја за својата земја (23,6%), додека пак кај градската популација оваа желба ја има за околу 10% повеќе во споредба со испитаниците кои живеат во селата.

Меѓутоа, независно од оружјето, точно две третини од граѓаните сметаат дека **„Да се војува за својот народ е највисока должност“** (Графикон 15).

Во Пелагонискиот регион на пример, овој процент достигнува и до 88,8%, наспроти Југоисточниот, каде е под половината.

За прв пат, во однос на оваа тема, се јавува разлика меѓу мажите и жените, така што изгледа дека жените се во помал процент наклонети кон војување (59,7%) од мажите (71,8%).

Речиси никакви разлики нема меѓу одделните етнички групи, ниту меѓу градското и селското население, но затоа пак возраста има своја улога. Најстарите групи се со поголем број позитивни одговори на овој став (испитаниците меѓу 50 и 65 години се согласни со 74%, а оние над 65 години - дури со 80%).

Војувањето како должност најмалку е прифатено од страна на високообразованите испитаници – 54,4%, наспроти оние со основно образование – 73,8%.




**Графикон 15**

Но чувството на должност не значи и посакување војна. Имено, над половина испитаници (57%) **би се откажале и од многу свои права само да ја избегнат** (Графикон 16). Во најголема мера така размислуваат Македонците каде скоро две третини се согласиле со овој став, наспроти Албанците каде процентот е двојно помал (33,6%).

Од просекот отстапуваат и најстарите испитаници, од кои 71,9% не би војувале и по цена на своите права.

Интересно е што високообразованите испитаници, барем декларативно, во најмал процент (47,5%) би се откажале од правата заради мир.




**Графикон 16**

## Стравови

Од што најмногу се плашат македонските граѓани е прашање кое е релевантно за авторитарната свест, бидејки ги индицира причините за оваа појава. Заради тоа во истражувањето беа направени две ранг листи кои се однесуваат на стравовите:

- На глобално ниво - стравови кои се заеднички со граѓаните на други држави;
- Секојдневни стравови - кои се однесуваат на македонското општество или се од него произведени.

Најнапред, интересно е да се види од што најмногу се плашат граѓаните на глобално ниво, што е прикажано на следнава табела, според рангот:

**Табела 9**
**– глобални стравови**

| | |
|---|---|
| Од светска епидемија на заразни болест | 25,2 |
| Од нуклеарна војна | 24,9 |
| Од уништување на животот на земјата | 23,5 |
| Од последиците на глобалното затоплување | 10,8 |
| Не се плашат од ништо | 15,6 |

Слични листи можат да се најдат и во истражувањата спроведени во повеќе европски земји, со тоа што последиците на глобалното затоплување кај нас се евидентно помалку застапени, на сметка на епидемиите на заразни болести (веројатно поради лошите услови за лекување во случај да се биде нивна жртва).

Од овие просеци отстапуваат Ромите и постарите лица, кои во поголем број од просекот се плашат од епидемија и нуклеарна војна.

Меѓу Македонците и Албанците нема речиси никакви разлики. Разлики нема ни меѓу другите групи, каде не се јавуваат отстапувања од просекот.

Загрижува малиот број на испитаници кои изјавиле дека не се плашат од ништо.

Во однос на „дневните“ стравови, врзани со конкретните искуства во сопственото општество, одговорите се следни, според ранг:



**Табела 10**
**– локални стравови**

| **Стравови** | **%** |
|---|---|
| Страв од болест која немаат пари да ја лекуваат | 28,2 |
| Страв од војна | 22,6 |
| Страв од невработеност | 18,6 |
| Страв од елементарна непогода | 10,6 |
| Страв од сообраќајна несреќа | 3,2 |
| Страв да се биде жртва на криминал | 3,1 |
| Не се плашат од ништо | 13,8 |

Додека во сите региони стравот од војна е изразен меѓу 19% и 24%, во Југоисточниот и етнички најхомогениот е само 4,7%, што може (иако не мора) да значи дека граѓаните војната ја перцепираат како меѓуетничка.

Невработеноста, за околу 10% повеќе ги плаши Албанците од Македонците. Кај Турците и Ромите овој страв е уште поголем (за 20%).

Најмладите, согласно со реалноста, најмногу се плашат од невработеност а најстарите од војна.

На **фокус групите** ова прашање беше доста долго расправано. Можеа да се сретнат најразлични мислења, од кои дел ја објаснуваат токму горната табела.

Голем број учесници изјавија дека најмногу се плашат од тоа „Каде оди државата, што ќе се случи со државата?“

За само мал број учесници, пак, „Стравови нема, само грижи“. Најголема е грижата за животниот стандард. Дали ќе се подобри невработеноста? Дали ќе се придвижи економијата? Дали ќе има работа? Следниве искази на учесниците на фокус групите го покажуваат расположението на граѓаните во однос на ова прашање:

„Најголем е стравот дали Македонија ќе стане членка на НАТО и на ЕУ. За Македонија е многу важно да стане членка на овие меѓународни организации“.

„Се плашам дека работите не одат на добро, туку одат надолу. Не се движиме во вистинска насока. Мислам дека власта малку го има загубено компасот. Политичарите не работат како што треба и како што очекуваше народот“.

„Сите се грижиме за тоа како ќе биде утре. Дали ќе има подобрување? Дали политиката ќе почне да ги решава проблемите?“

„Јас се плашам дека и понатаму нема да има инвестиции, бидејќи луѓето се плашат да инвестираат поради ситуацијата во која се наоѓа државата. Иако оваа Влада најавуваше многу инвестиции, тие никако да стигнат. Веќе 2-3 години работите во државата одат надолу. Никако да тргне нешто. Се што се случува како да не заглавува се повеќе. Шлајфуваме во место. Не одиме никаде. Ништо не се движи.“

„Секоја година е се потешко. Младите немаат доволно средства и ресурси за нормален живот. Се чувствува дека државата е во криза“.

„Се плашам дека државата е однатре поделена. Политиката најмногу не подели. За тоа се грижиме. Луѓето, кога самите би се прашувале, не би се делеле. Исто како порано. Па порано немало поделби. Откако политиката зеде се во свои раце почнаа проблемите“.

„Во последно време мислам дека треба да се плашиме од државата. Луѓето се манипулират. Државата може да те обвини за се и сешто. Луѓето немаат доверба во државата. Обичните граѓани се плашат од државата. Таа има сила и моќ.“

„Државата во последно вереме станува се повеќе полициска. Носи закони со кои постојано се заканува дека ќе ве казни за нешто. Само за казни се слуша и се зборува. Носат нови закони, со тие закони се повеќе навлегуваат во приватноста на граѓаните. Веќе немате доверба кој што прави во оваа држава. Сигурно дека многу се прислушува.“

„Мислам дека и власта се плаши од народот. Затоа носи закони кои народот го ставаат под се поголема контрола. Може да ја контролираат целата електронска комуникација. Мобилните телефони, знаеме дека се прислушуваат.“

„Секако дека се плашам. Ова полека станува полициска држава. Полицијата има се поголем буџет. Значи се поголема моќ.“

„Страв ме фаќа да создадам нешто, да оформам семејство. Во оваа држава да родиш дете е казна. Ова се е едно големо сивило. Нема боја. Луѓето во другите држави си ја бркаат работата. Овде веќе никој не се смее. Немаме ништо во оваа држава.“

„Јас не сум разочарана и немам страв дека нешто страшно ќе ми се случи. Најмногу се грижам за моите три деца кои мора да ги изведам на прав пат. Желбата за борба постои во нашето семејство. Мора да се бориме. Не може да останеме безлични.“

„Јас се секирам дали некогаш воопшто ќе ја има Македонија. Тоа ми е најголем хорор. Мислам дека политичарите не ја водат добро државата. Како нарочно да се води лоша политика за да не влеземе во ЕУ. Потезите што ги прават политичарите се погрешни. Се плашам еден ден дека ќе ја изгубиме државата. Македонија отсекогаш постоела.“

„Државата ќе постои ама не знам дали ќе има Македонци. Пола милион Македонци се пријавени за бугарски пасош. Но, тоа е од практични причини. Да се оди без виза, да се вози поефтина кола. Луѓето се борат да преживеат. Прават се само да се извлечат од калта. Јас, исто така, не ја гледам перспективата за моите деца во Македонија. Можеби е добро да одат надвор да заработат пари па да се вратат. Овде не те штитат ниту законите. Која пресуда го штити обичниот народ. Газдите ги експлоатираат работниците. Патриотизмот се покажува на дело. Покажи дека постои закон за сите. Не убедуваат да бидеме патриоти а на дело не уништуваат.“

„Не знам од што се плашам повеќе: да бидеме Македонци и да гладуваме или да не ја биде Македонија, а да ни се полни џебовите.“



**“Јас најпрво се плашам дека животот ќе го поминам во сиромаштија. Тоа е основен страв. Потоа се плашам и од глобални несреќи, дека сонцето еден ден ќе ја голтне планетата земја. Што се однесува до постоењето на Македонија, за тоа не се секирам бидејќи мислам дека постои некаков баланс и согласност на големите сили за постоењето на Македонија. Ќе преживееме и ќе опстанеме.“**

Помал број искази беа како следниве:

„Мене ми е страв некој да не ме удри. Да не ме повреди физички. За Македонија не се секирам. Македонија ќе преживее.“

„Јас не се плашам од ништо. За жал, другите луѓе не реагираат за да ги променат работите. Треба еднаш да ги прекинеме стравовите. Јас сакам да ги кажувам работите. Луѓето не треба да се плашат. Мора нешто да направиме и сами. Треба да се сменат и почитуваат законите. Да функционираат институциите. Да се нема страв. Па не може цел живот некој да ни е виновен за нешто.“

На потпрашањето пак дали почувствувале страв од Владата, од структурите на државата, добиени се вакви коментари:

„Јас никогаш не кажувам важни работи по телефон. Се срекавам со луѓето и тогаш зборувам. Тоа е генерален страв за јавно искажување на мислењето. Не кажувам ништо гласно пред многу луѓе. Кажувам ама тивко.“

„Мислам дека страв постои со години наназад. Но, последнава влада ни влеа на сите страв за ништо да не кажуваме, ништо да не направиме. Порано пресметката секогаш била горе меѓу политичарите. Мислам дека таа пресметка денес е симната доле, меѓу обичните луѓе. Сега ви е страв да не

бидете искодошени од некого: комшија, другар. Може дебело да настрадате за искажан збор.“

„Се плашат само оние во државни фирми. Страв им е да не ја изгубат работата.“

„Не, сите се плашат. Се плашат каде седнуваат, со кого праат муабет. Да не ги види некој. Да не ги каже.“

“Порано мислам дека луѓето помалку се плашеа да се искажат. Беше послободно. Сега, откако формиравме самостојна држава се повеќе се плашиме. Тој страв достигна кулминација. Не смееш ништо да напишеш. Да кажеш. Луѓето се плашат. Вршат врз нив притисок. Ги пребројуваат за кого ќе гласаат. Дали излегле да гласале. Еднаш ве тераат да гласате, еднаш да не гласате. Ве следат дали слушате директиви.“

„Денес постои повеќе страв да се каже нешто отворено. Еве, на пример, ако се јавите на некоја телевизија и кажете нешто веднаш ви се нафрлаат, ве вреѓаат. Не може да кажете ништо послободно. Сакаат да ве заќутат во корен.

„Главни стравови според мене се два. Да ве отпуштат од работа и да создадете фамилија. Во многу установи има камери. Ве снимаат, не смеете јавно да зборувате.“

Младите учесници на фокус групите во најголем дел се плашат од сиромаштија, но се издвојуваат и вакви стравови:

„Да останам вечно невработен“.

„Да избие војна и да не снема како држава“.

„Да ја загубам работата“.

„Ако не влеземе во ЕУ и НАТО, подобро е колективно самоубиство. Ќе пропадне државата. Нема да не има.“

„Најмногу се плашам од фрустрирани политичари и селјаци. По карактер, се извинувам ако има некој роден во село. Нема елита, нема идеали, нема вредности. Само страв. Ете тоа ти е наша демократија“.

Стравовите, евидентно, се менувале со текот на годините. Споредено со два претходни периоди, ранг листата би била следна:

**Табела 11**

| Од што се плашат најмногу? | 1999 г. | 2004 г. | 2010 г. |
|---|---|---|---|
| Од војна | 14,3% | 22,3% | 22,6% |
| Од невработеност | 11,2% | 16% | 18,6% |
| Од елементарна непогода | 3,0% | 8,9% | 10,6% |
| Од сообраќајна несреќа | 12,1% | 9,4% | 3,2% |
| Да бидат жртва на криминал | 4,3% | 8,2% | 3,1% |
| Не се плашат од ништо | 54,1% | 33,8% | 13,8% |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% |

**Графикон 17**

**Од што се плашат најмногу?**




* * *

**Очигледно е дека секојдневниот живот на граѓаните е исполнет со стравови, неизвесност, фрустрации.** Оттаму, не е изненадување ниту високиот степен на авторитарна свест, ниту пасивноста, послушноста. Од цитираните искази, дури не е изненадување ни влошувањето на состојбата во овој сегмент споредено со периодот пред десет години, имајќи предвид дека токму денес, после две децении независна држава, прашањата за иднината и опстанокот наместо да бидат заборавени, добиваат во значење. После десет години, половината од популацијата која не се плашела од ништо, се сведува на 13 проценти. Несомнено, тоа придонесува и за прикажаната состојба во која е сосема логично најголеми авторитети да бидат ликови од религиите, оние кои немаат врска со општеството, со државата. Отсуството на желба за акција, битка со стравовите и она што ги предизвикува, можеби најдобро се илустрира со исказот на една учесничка на фокус група, кој одлично ги резимира истражуваните појави:

> **„Кога пред 20 години гледавме документарци за Втората светска војна, беше грозно. Денес, после 20 години гледаме војни, глупости, истренирани сме на страшни слики и не реагираме. Перцепцијата за стравот ни е комплетно сменета. На ништо веќе не реагираме. Се може да поднесеме со некоја леснотија. Тоа е страшно. Јас сум уплашена од својата неуплашеност“.**

Д-р Ганка Цветанова

# Индикатори на **демократската** свест

Демократијата, како форма на владеење, претставува едно од најактуелните прашања во поновата светска историја, особено по падот на берлинскиот ѕид и тоталитарните режими.

Во политичката теорија, демократијата е опишана како политичка филосифија, но и како форма на владеење во која управувачката моќ се наоѓа во рацете на народот, при тоа применувајќи ја на посреден (директна демократија) или на непосреден начин (индиректна демоктратија) односно, според принципот на претставување и застапување интереси, реализирани преку слободни и фер избори. И покрај тоа што не постои единствена или универзално прифатена дефиниција за демократијата, сепак постојат три водечки принципи кои ги среќаваме во која било од постоечките. Тоа се: транспарентноста, отчетноста и правото на учество.

Денешното или современото толкување на демократијата се поврзува и со филсофскиот принцип на еднакви права. Оттука, често-пати поимот демократија се употребува во контекст на либералната демократија, што - од друга страна - недвосмислено упатува на постоењето на некои дополнителни елементи, како: политички плурализам, еднаквост пред законот, граѓански слободи и човекови права, односно сите агенси на граѓанското општество. Воедно, овие елементи претставуват и параметар за степенот на демократијата во рамките на општетсвата.

Во овој контекст, истражувањето на политичката култура се обиде користејќи неколку индикатори, да ги забележи перцепциите на граѓаните во врска со демократијата, како и прифатеноста на некои основни вредности кои произлегуваат од неа.

## Колку е демократско македонското општество?

На прашањето како, на скалата од 1-10 (при што 1 е најниска, а 10 највисока оценка), би го оцениле степенот на демократијата во македонското општество, најголемиот процент од македонските граѓани, поточно 19,4% го оцениле со 5, дури 13,4% со 1, а само 2.0% со 10 (Графикон 1).




**Графикон 1**

Интересен е податокот дека за најнедемократско македонското општество го сметаат жителите од Североисточниот регион на Македонија, па така на скалата од 1 – 10 дури 29,2% од нив го оцениле со 1. Од друга страна, жителите од Вардарскиот регион сметаат дека македонското општество е прилично демократско па дури 10,3% од нив го оцениле со 10.

Во однос на етничкта структура на испитаниците, Албанците во Република Македонија го доживуваат македонското општество како недемократско, па така најголемиот дел од нив или 20,5%. го оцениле со 1. Кога станува збор зо перцепцијата на степенот на демократијата во македонското општество од страна на македонското мнозинство и останатите припадници на етничките заедници, нема поголеми отстапувања, па така: 22,0% од Македонците, 24,4% од Турците и 21,7% од Ромите го оцениле со 5.

Уште еден податок вреден за споменување е мислењето на испитаниците кои припаѓаат на старосната група од 50-65 годинии. Дури 19,5% од нив ја оцениле демократијата во Република Македонија со 1.



* * *




**Графикон 2**

Што се однесува до перцепцијата за сопствената демократичност, на прашањето **„Дали би се дефинирале себе си како демократ“** (Графикон 2), 40,4% од македонските граѓани се сметаат за целосни демократи, 37,2% за делумни, додека 22,4% од нив одговориле дека не се демократи.

Интересно е да се напомене дека дури 57,4% од граѓаните кои живеат во Источниот регион на Република Македонија се изјасниле дека не се демократи, додека најголемиот процент од македонските граѓани кои себе си се сметаат за целосни демократи – 63,1%, живеат во Пелагонискиот регион.

Гледано од аспект на етничката припадност, најголемиот број од Албанците (48,7%) и Турците (41,5%) себе си се дефинирале како целосни демократи, наспроти Македонците (38,5%) и Ромите (50,0%) кои во најголем број за себе сметаат дека се делумни демократи. Овој податок, кој ни покажува дека најголемиот број од испитаниците Албанци и Турци себе си се дефинираат како целосни демократи, е интересен сам по себе поради спротивните очекувања, имајќи предвид дека станува збор за заедници чија културна матрица почива на традиционални и конзервативни вредности.

* * *

Вистински индикатор за степенот на демократската свест и за тоа во колкава мера македонските граѓани се подготвени да се однесуваат демократски, беше прашањето **„Како реагирате кога ќе се соочите со мислење кое е спротивно на Вашето“** (Графикон 3). На ова прашање, 43,4% од вкупните испитаници го дале следниот одговор: „Тоа што не ми е прифатливо не можам да го почитувам“, 18,4% се изјасниле со: „Се трудам да го наметнам моето мислење“, додека 38,2% одговориле: „Го почитувам, без оглед дали го разбирам“.




**Графикон 3**

Очигледни се забележителни отстапувања во однос на тоа дека најголемиот број на македонските граѓани (40,4%) себе си се дефинираат како целосни демократи, додека, пак, од друга страна дури 43,4% од нив сметат дека тоа што не им е прифатливо, не можат да го почитуваат. На пример, иако дури 63,1% од граѓаните кои живеат во Пелагонискиот регион себе си се дефинирале како целосни демократи, истовремено истите тие во најголем број (50,3%) се изјасниле дека тоа што не им е прифатливо, не можат да го почитуваат. Овој податок укажува на постоењето на голема дискрепанца помеѓу нивната перцепција за степенот на демократска свест која тие ја поседуваат и, од друга страна, за нивната вистинска подготвеност на демократски начин да се справат со поинакви или пак спротивни мислења од сопствените.

Слични отстапувања среќаваме и кај одговорите на Албанците и Турците, кои исто така себе си во најголем број се дефинирале како целосни демократи. Од друга страна, голем е процентот на Албанците (46,4%) и Турците (43,9%) кои одговориле дека тоа што не им е прифатливо не можат да го почитуваат. Поголеми отстапувања не се регистрирани кај македонското мнозинство и би можело да се констатира дека процентот на оние кои себе си се дефинирале како целосни демократи (37,5%) речиси се совпаѓа со процентот на оние кои се изјасниле дека спротивното мислење го почитуваат, без оглед на тоа дали го разбираат (39,0%).

Гледано од аспект на етничката структура на испитаниците, би можеле да заклучиме дека Ромите се најподготвени да го почитуваат спротивното мислење без оглед на тоа дали го разбираат, имајќи предвид дека дури 56,5% од нив се определиле за овој одговор.

**Табела 1**

**„Како реагирате кога ќе се соочите со мислење кое е спротивно на Вашето“ (според етничка припадност)**

| | Македонци | Албанци | Турци | Роми |
|---|---|---|---|---|
| Го почитувам без оглед дали го разбирам | 39% | 33,8% | 37,8% | 56,5% |
| Се трудам да го наметнам моето мислење | 18,1% | 19,7% | 18,3% | 15,2% |
| Тоа што не ми е прифатливо не можам да го почитувам | 43% | 46,4% | 43,9% | 28,3% |

Што се однесува до старосните групи, согласно со очекувањата, највисок е процентот (58,7%) на онаа над 65 години, кои одговориле дека тоа што не им е прифатливо не би можеле да го почитуваат. Овој податок се должи првенствено на фактот што оваа возрасна група го има поминато својот животен и професионален век во еден поинаков режим, кој според современите стандарди и толкувања го дефинираме како недемократски. Токму тука би можеле да ја лоцираме нефлексибилноста и неподготвеноста на оваа популација за прифаќањето на поинакво мислење од сопственото.

* * *




**Графикон 4**

На македонските граѓани им беше понудена скала од 1 до 10 за да ја оценат грижата на државата во однос на граѓаните. Така, на прашањето **„Колку нашата држава се грижи за граѓанинот?“** (Графикон 4), најголемиот број од вкупните испитаници (20.9%) се определиле за најниската оценка 1, а само 1,4% ја оцениле грижата на државата со 10. Гледано според регионите во кои живеат испитаниците, најнезадоволни се оние од Полошкиот регион, од кои дури 31,9% се определиле за најниската оценка 1. Најзадоволни се жителите на Пелагонискиот регион, од кои 27,9% грижата на државата ја оцениле со 5.

Многу поголемо незадоволство е искажано од страна на жителите на селата за разлика од оние во градовите, па така дури, 27,2% од нив се определиле за оценката 1.

**Значително помало незадоволство се забележува кај Македонците, додека пак изненадувачки е податокот според кој Ромите се најзадоволни од грижата на државата, при тоа имајќи предвид дека истите важат за социјално и економски најзагрозена категорија.**

Од аспект на етничката структура на испитаниците, најголемо незадоволсво е регистрирано кај Албанците во Република Македонија од кои дури 33,3% се одлучиле грижата на државата да ја оценат со 1.

Гледано од аспект на старосната структура, резултатите од истражувањето говорат дека популацијата која е над 65 години е најзадоволна од грижата на државата. Така, 19,0% од нив ја оцениле со 5, а дури 6,6% со 10.

* * *

На прашањето **„Колку според Вас законите и одлуките на државните институции треба да се почитуваат“** (Графикон 5), беа понудени следните можни одговори: „Секогаш треба да се почитуваат“, „Треба да се почитуваат само ако се добри“, „Не треба да се почитуваат бидејќи ни државата не се грижи за граѓаните“ и „Не знам“.




**Графикон 5**

Од вкупните испитаници 42,3% одговориле дека „Треба да се почитуваат само ако се добри“, 39,2% сметаат дека „Секогаш треба да се почитуваат“ и 12,2% дека „Не треба да се почитуваат бидејќи ни државата не се грижи за граѓаните“.

Кај жителите на Источниот регион (56,9%) бележиме најголема подготвеност секогаш да ги почитуваат законите и одлуките на државните институции. Спротивно на мислењето што преовладува во овој регион, 57,8% од испитаниците жители на Полошкиот регион сметаат дека законите треба да се почитуваат само ако се добри.

Анализирано од аспект на етничката структура, најголемиот број од испитаниците Македонци (47,9%) и Турци (46,3%) сметаат дека законите и одлуките на државните институции секогаш треба да се почитуваат, додека Албанците (58,7%) и Ромите (54,3%) одговориле дека треба да се почитуваат само ако се добри.

Истражувањето не бележи поголеми отстапувања од просекот и кај останатите групи, и тоа: според староста, родовата припадност, степенот на образование и местото на живеење.

* * *

Демократијата претставува систем на владеење во кој изразувањето на незадоволството во врска со некоја владина политика, одлука или одредена состојба е легитимно право на секој граѓанин, при тоа не плашејќи се од било какви консеквенци. Дали македонските граѓани знаат и умеат до го искористат ова демократско право, или пак живеат по принципот „Наведната глава сабја не сече“, покажуваат следниве резултати од истражувањето.

На прашањето **„Дали некогаш сте го изразиле своето незадоволство во врска со некој закон, одлука на Владата и сл.“** (Графикон 6), 30,5% од вкупниот број на испитаници одговориле дека никогаш не го изразиле своето незадоволство и тоа не поради фактот што се плашат од можни последици (15,9%), туку затоа што сметаат дека тоа е однапред загубена битка. Податокот укажува на постоењето на одредена состојба на апатичност во која се западнати македонските граѓани. Оваа состојба е уште поизразена кај групата со незавршено основно образование (57,1%), и истата драстично отскокнува од сите останати категории.




**Графикон 6**



Најголемиот процент од испитаниците кои своето незадоволство го изразиле преку протест или штрајк, анализирано според етничката структура, припаѓаат на албанската заедница (36,4%). Македонците со 19,5% го изразиле своето незадоволство на истиот начин, додека Ромите со само 4,3%. Од друга страна, Ромите, со 39,1% се заедницата која најмногу се плаши јавно да го изрази своето незадоволство поради евентуални последици.

**Најголемиот процент на испитаниците кои одговориле дека поддржале протест или штрајк, оди на сметка на најмладите испитаници (26,3%), поточно оние во групата од 18 - 25 години, додека најмал процент (19,0%) бележиме кај најстарите, оние над 65 години.**

Кај старосните групи нема поголеми отстапувања од очекуваните резултати.

Што се однесува до принципот **„Наведната глава сабја не ја сече“**, 68,0% од вкупниот број на испитаници сметаат дека не живеат според овој принцип, а 32,0% се изјасниле дека се однесуваат токму во согласност со истиот. Во истражувањето спроведено во 1999 година, живеењето по принципот „Наведната глава сабја не ја сече“, важело за 25% од анкетираните испитаници, што укажува на благ пораст во последните десет години на оние кои не сакаат да се конфронтираат со власта, ниту пак јавно да го искажат своето незадоволство.

Според анализираните одговори на ова прашање, може да се констатира дека не постојат поголеми отстапувања од генералните резултати кај ниту една од постоечките категории во ова истражување. Единствено, мали отстапки се забележани кај некои групи чии испитаници во поголем процент се изјасниле дека живеат токму според принципот „Наведната глава сабја не сече“. Тоа се: жителите на Пелагонискиот регион (51,4%), старосната група над 65 години (57,0%), оние со незавршено основно образование (57,1%) и оние со завршено основно (53,3%).

* * *

Слободата на говорот претставува една од најзначајните демократски придобивки и темел на основните човекови права. Оттука, и не случајно, слободата на говорот е уставно загарантирано право во современите демократски системи, вклучително и во Република Макеонија.

Во таа смисла, како дел од ова истражвање беше вклучено и прашањето: **„Дали се согласувате со ставот дека слободата на говорот и мислата е најважна“** (Графикон 7). Од вкупниот број на испитаници, дури 93,8% се согласуваат со овој став, наспроти оние од само 6,2% кои го тврдат спротивното. Споредбено со истражувањето од пред 10 години, речиси и да нема отстапки во поглед на процентот на испитаниците кои одговориле дека се согласуваат со овој став.




**Графикон 7**

Интересен е податокот дека дури 100% од испитаниците Роми одговориле дека се согласуваат со ставот дека слободата на говорот и мислата е најважна. Веднаш зад нив се жителите на Скопскиот регион од кои дури 98,0% се согласуваат со овој став, а потоа и оние од Пелагонискиот со 97,0%. Оттука, би можеле да заклучиме дека жителите на Пелагонискиот регион високо ја ценат и вреднуваат слободата на говорот и мислата како инструмент за унапредување на демократијата. Од друга страна, пак, истите тие, со процент од 51,4%, одговориле дека живеат според принципот „Наведната глава сабја не сече“, што е крајно контрадикторно затоа што не се совпаѓа со современото поимање за демократијата и нејзните основни начела и принципи.

Медиумите, како средство за јавно информимарињe на граѓаните и јавноста, имаат голема улога во развојот на демократските процеси, но и во сочувувањето на демократските вредности. Правото да се информира јавноста, но и правото да се биде информиран или т.н. право на достапност до информацијата, спаѓа во основните начела на современата демократија. Оттука, истото е загарантирано и регулирано во рамките на националните законодавства, но и со голем број меѓународни конвенции кои имаат правно-обврзувачки карактер.

Најголемиот број од вкупните испитаници (87,7%) не се согласуваат со ставот дека **„Новинарите треба да бидат осудувани кога ја критикуваат власта или политичарите“**, а останатите 12,3% се согласуват со овој став. Не постојат поголеми или пак забележителни отстапки од генералните резултати во ниту една од испитаните категории и групи. Нема поместувања ниту во споредба со резултатите од истражувањето спроведено во 1999 година, кога испитаниците – во речиси идентичен процент (90,44%) како и денес - сметале дека новинарите не треба да бидат осудувани кога ја критикуваат власта.

* * *






**Графикон 8**

Веќе кај следниот став **„Новинарите имаат право да обелоденат и државна тајна ако е тоа од интерес за граѓаните“** (Графикон 8), постојат мали но забележителни разлики во начинот на размислувањето на испитаниците.

Од вкупниот број на испитаници, 73,4% сметаат дека новинарите имаат право да обелоденат државна тајна, наспроти оние од 26,6% кои сметаат дека тоа не е дозволено. Постои значителна отстапка во процентот на испитаниците кои се изјасниле позитивно на ова прашање во истражувањето од 1999 година, кога дури 87% од нив одговориле дека новинарите имаат право да обелоденат државна тајна.

Единствената група во која повеќето од половината испитаници се изјасниле против правото на новинарите да објавуваат државни тајни ако е тоа од интерес за граѓаните, се жителите на Североисточниот регион (56,6%). Според идеолошкиот профил, пак, десничарите, со високи 35,1%, не се согласуваат со објавувањето на државни тајни.

Гледано според етничката структура, постојат одредени разлики помеѓу испитаниците.

| | Македонец | Албанец | Турчин | Ром |
|---|---|---|---|---|
| Да | 69,5% | 84,1% | 79,3% | 56,5% |
| не | 30,5% | 15,9% | 20,7% | 43,5% |

Табела 2

**„Дали се согласувате со ставот дека новинарите имаат право да обелоденат и државна тајна ако е тоа од интерес за граѓаните“ (според етничка припадност)**

* * *

Приватниот живот на јавните личности и политичарите секогаш го привлекувал вниманието на медиумите и јавноста. Оттука произлегува и прашањето, каде е границата помеѓу приватноста на политичарите и јавниот карактер на функцијата што ја извршуваат. Што мислат граѓаните во врска со прашањето дали **„Приватниот живот на политичарите мора да се почитува од страна на медиумите“** или, пак, истиот треба да остане далеку од очите на јавноста?

Од вкупниот број на испитаници, 70,6% сметаат дека приватноста на политичарите треба да се почитува, додека 29,4% од нив не се согласуваат со овој став.

Единствена поголема отстапка е регистрирана кај турската и ромската заедница. Така, дури 43,9% од Турците се против почитувањето на приватноста на политичарите од страна на медиумите, за разлика од високиот процент на Ромите (89,1%) кои сметаат дека приватноста на политичарите мора да се почитува.

## Медиуми

Независноста на медиумите, односно, растовареноста од влијанието на политичките партии (било да се тие на власт или во опозиција) претставува најголема гаранција за објективноста на информацијата што тие ја пренесуваат.

**„Кои се елктронските медиуми за кои македонските граѓани сметаат дека се под најголемо партиско влијание?“** Од вкупниот број на испитаници, 39,1% сметаат дека ТВ Сител е под најголемо партиско влијание, следи А1 со 19,4% и потоа е МТВ прва програма, со 10,7%. За одговорот дека не постои медиум кој не е под партиско влијание, се определиле 13,1% од испитаниците.

На прашањето, пак, да **„Наведат еден медиум за кој сметаат дека воопшто не е под партиско влијание“**, граѓаните во најголем број (29,3%) се изјасниле дека не знаат за таков медиум, или,пак, дека таков не постои (23,0%).

## Демократија, партиципација

Слободното и активно учество на граѓаните во политичкиот живот на една држава во суштина ја претставува и главната карактеристика на демократијата. Во современите демократски системи, на граѓаните им е дозволено слободно да зборуваат за своите проблеми, да го изразуваат своето незадоволство и поплаки, како и да бараат промена на нештата. Системот на демократското владеење претставува континуиран процес на усогласувања и промени. Доколку граѓаните се незадоволни од одредени владини политики или од владеењето на одредена политичка партија, тие - преку својот глас на слободни, фер и демократски избори - можат да го изменат соодносот на политичките сили во државата.

Во таа смисла, токму политичките партии се оние чинители кои му даваат конкретна форма на демократскиот живот, односно, ги институционализираат и ги регулираат конфликтите меѓу реалните групи во општеството.

Постоењето на различни политички опции со различна идеолошка провиниенција, претставува основа на плуралната форма на демоктаското владеење. Каква е идеолошката определба на македонските граѓани, или поточно соодносот на оние кои себе си се дефинираат како десничари, левичари или припадници на опцијата во центарот?

**Најголемиот број од македонските граѓани не би можеле да ја определат својата идеолошка припадност, односно, дури 38,6% од нив одговориле дека не знаат на која политичка опција припаѓаат. За центарот се определиле 22,3% од испитаниците, 20,5% за десницата и 18,5% за левицата.**

Позабележителни отстапки од севкупните резултати се регистрирани кај Турците, кои во најголемиот број (69,5%) не можат идеолошки да се дефинираат. Исто така и испитниците од Југоисточниот регион (64,5%) и оние со незавршено образование (63,3%) не знаат на која политичка опција припаѓаат.



Најинтересен податок, гледано од аспект на етничката структура на испитаниците и нивната идеолошка профилираност, е оној кај Ромите од кој произлегува заклучокот дека процентуално (30,4%) тие се најдесничарски ориентираната етничка заедница во Република Македонија.

**Табела 3**

**„Како се дефинирате себе си идеолошки“ (според етничка припадност)**

| | Македонци | Албанци | Турци | Роми |
|---|---|---|---|---|
| Левичар | 20,8% | 16,2% | 4,9% | 10,9% |
| Десничар | 19,3% | 24,1% | 12,2% | 30,4% |
| Центар | 21% | 29,5% | 13,4% | 8,7% |
| Не знам | 38,9% | 30,3% | 69,5% | 50% |

Иако од дадените три политички опции најголемиот број од македонските граѓани се изјасниле дека идеолошки припаѓаат на центарот, сепак, на безмалку сите досегашни парламентарни избори во Република Македонија токму

политичките партии од центарот добивале значително помал број на гласови споредбено со десницата и левицата.

Податокот, пак, кој ни укажува дека најголемиот број од македонските граѓани не ја знаат својата политичка и идеолошка определба, би можел да се протолкува на два начина. Прво, граѓаните се недоволно информирани и едуцирани за основните начела и принципи на различните политички идеологии. Имено, иако во своите политички платформи партиите многу прецизно се изјаснуваат за нивната идеолошка профилираност, кога станува збор за нивното политичко дејствување, тие не секогаш се придржуваат до политиките (особено во сферата на социјалата и економијата) карактеристични и препознатливи за опцијата на која и припаѓаат.

**Во дејствувањето на левицата и десницата на политичката сцена во Република Македонија, граѓаните не можат да ја увидат и разликуваат нивната идеолошка профилираност.**

* * *

Дали македонските граѓани се согласуваат со ставот дека **„Конзервативните луѓе се подобри од оние што постојано нешто сакаат да менуваат“**? Од вкупниот број на испитаници, 33,3% го поддржуваат овој став, додека останатите 66,7% не се согласуваат. Слична дистрибуција на одговори бележиме и во истражувањето спроведено во 1999 година, кога потврдно одговориле 27% од испитаниците, наспроти оние 70% кои одговориле негативно.

Најизразено несогласување со овој став бележиме кај испитаниците од Полошкиот регион (79,3%), наспроти оние со незавршено (59,2%) и завршено (46,3%) основно образование кои повеќе ги претпочитаат конзервативните луѓе.

Интересен е податокот дека поголемиот број на оние кои во текот на истражувањето се изјасниле како десничари, не се согласуваат со ставот дека конзервативните луѓе се подобри од оние кои постојано нешто сакаат да менуваат (66,5%).

Гледано од аспект на старосните групи, најмладата група на испитаници, оние од 18 – 25 и од 26 – 30 години, искажува најголемо несогласување со овој став, што упатува на заклучокот дека оваа популација е најподготвена за промени. Како се зголемува старосната возраст на испитаниците, така се зголемува и процентот на испитаниците кои се согласуваат со ставот дека конзервативните луѓе се подобри од оние што постојано нешто сакаат да менуваат. Овие резултати се во согласност со очекувањата, имајќи предвид дека повозрасните луѓе потешко ги прифаќаат и потешко се прилагодуваат на промените во општеството.

Од моментот на своето осамостојување и навлегувањето во ерата на политичкиот плурализам па сé до денес, на политичката сцена во Република Македонија беа и сé уште се присутни голем број на млади политичари. Возраста на македонските политичари, односно, дали младоста во политиката

може да биде предност или недостаток, е честопати тема на дискусии како во пошироката јавност, така и во медиумите. На прашањето **„Дали се согласувате со ставот: „немам доверба во млади политичари“**, 58,2% од вкупниот број на испаници одговориле со не, додека 41,8% со да. Тоа значи дека поголемиот број од испитаниците сепак имаат доверба во младите политичари. Податоците од истражувањето спроведено во 1999 година говорат дека во тој период 64% од испитаниците имале доверба во младите политичари, наспроти оние 34% кои немале доверба.

Исклучок се жителите на Пелагонискиот регион, од кои 57,0% немаат доверба во млади политичари. Старосната група над 65 години (53,7%) и оние со назавршено образование (61,2%) исто така не им веруваат на младите политичари.

* * *

И, конечно, какво е мислењето на македонските граѓани за учеството на жените во политиката, имајќи предвид дека процентот на нивната застапеност во политичкиот живот реално го отсликува степенот на развиеноста на демократската свест во општеството. На прашањето **„Дали се согласувате со ставот дека половина од политичките функционери треба да бидат жени“** (Графикон 9), процентот на оние кои го поддржуваат овој став е речиси идентичен со процентот на оние кои се против. Од вкупниот број на испитаници, 50,1% се согласуваат дека половината од политичките функционери треба да бидат жени, а 49,9% од нив се противат.




**Графикон 9**

Очекувано, кај жените постои отстапување од резултатите на вкупните испитаници. Тие, во процент од 63,0%, сметаат дека половина од политичките функции треба да им бидат доверени на жените, наспроти повисокиот процент на мажи (61,4%) кои се противат на овој став.

Гледано од аспект на етничката структура на испитаниците, единствено кај Турците (57,3%) и Ромите (65,2%) преовладува несогласување со ставот за подеднаква застапеност на жените во политиката. Негативниот став во однос на жената и нејзиното учество во политиката би можел да се протолкува како резултат на традиционалните и конзервативните вредности карактеристични за културната историја на овие две заедници.

Понагласено несогласување со ставот дека половината од политичките функционери треба да бидат жени, бележиме и кај групата со незавршено основно образование (65,3%), кај испитаниците од Источниот (64,9%) и Вардарскиот (57,9%) регион, како и кај оние кои идеолошки себе си се дефинирале како десничари (55,8%).

Сепак, процентот на оние кои сметаат дека жената треба подеднакво да биде застапена во политиката како и мажите, нема реален одраз во политичкото живеење во Република Македонија. Бројот на жените учеснички во политиката е значително помал во однос на мажите, особено во извршната и локалната

власт. Ниту една влада во Република Македонија - почнувајќи од нејзиното осамостојување па до денес – немала повеќе од две жени министри во своите редови. Што се однесува, пак, до нивната застапеност и учество во локалната самоуправа, на последните локални избори во 2009 година неполни пет проценти од кандидатите за градоначалници беа жени, а за градоначалник не беше избрана ниту една од нив.

Зголеменото учество на жените во законодавната власт се должи пред сé на измените во Изборниот закон. Согласно со овие измени, партиите се допжни при поднесувањето на листата за кандидати за пратеници да се придржуваат до законската обврска, односно секој трет предложен кандидат мора да биде од спротивниот пол. На овој начин е обезбедено и загарантирано поголемо учеството на жените во законодавната власт.

* * *

Истражувањето во делот кој го опфаќа сегментот на демократијата во Република Македонија, имаше за цел да ни даде увид во поимањето на демократијата и демократските вредности од страна на македонските граѓани, како и стекнување на реална претстава за степенот на нивната вистинска демократска свест.

Анализираните податоци ни дадоа прецизна слика за тоа како граѓаните го оценуваат степенот на демократијата во македонското општество. За најнедемократско македонското општество го сметаат граѓаните кои живеат во Североисточниот регион (29,2%) и Албанците (20,5%).

**Генерално, демократијата во државата македонските граѓани ја оценија со средна оценка 5.**

Од друга страна, податоците овозможија да стекнеме и јасна слика за перцепцијата на македонските граѓани во однос на нивната сопствена демократичност, односно, дали и колку тие себе си се доживуваат како демократи. Иако 40,4% од македонските граѓани за самите себе сметаат дека се целосни демократи, 30,5% од вкупните испитаници одговориле дека никогаш не го искористиле своето демократско право да изразат некое незадоволсто, а дури 43,4% од вкупните испитаници не се во состојба да почитуваат мислење кое е спротивно на нивното.

Податоците од дистрибуираните одговори укажуваат на постоењето на голема дискрепанца помеѓу перцепцијата на граѓаните за сопствената демократичност од една страна, и реалната слика за степенот на нивната вистинска демократска свест, од друга страна. Оттука, би можеле да извлечеме генерален заклучок кој упатува на фактот дека, иако најголемиот број од македонските граѓани декларативно се залагаат за негување и унапредување на демократските вредности, во суштина кај нив постои значително намалена подготвеност за справување и соочување со нештата на начин кој би бил во согласност со современите принципи на демократијата.

Д-р Петар Атанасов

# Државата, граѓаните, етничката дистанца и националниот идентитет

Во изминативе две децении неколку теми во општествените науки, меѓу мноштвото социјални феномени, се постојана цел на истражувачите. Тоа се однесува, пред сè, на **идентитетот**, како што се индивидуалниот, националниот и социјалниот, на **меѓуетничките односи**, во контекст на идеите за мултикултурализмот и на положбата на **граѓаните** во општеството наспроти структурите на **државата**. За разлика од научните списанија во повеќе земји, кои се преполни со истражувања на овие теми, кај нас многу ретко може да се прочита некаква анализа, научно елаборирана и емпириски потврдена, која може да ни расветли некои појави од нашето секојдневие и рапидните општествени промени, кои го фрлија обичниот граѓанин на буништето на историјата а ги промовираа новите владејачки структури како наш нов симулакрум. Наведените теми мора да се разгледуваат во својата меѓуповрзаност, затоа што издвоени и операционализирани преку нивните елементарни делови нема многу да придонесат за поиздржани генерализации во проучувањето на кое било општество или социјален процес; вклучувајќи го и македонското општество со сета своја разноликост и контрасти. Затоа, оваа квантитативно/квалитативна дескриптивна анализа ќе се задржи главно на три теми: демократизацијата на државата, како контекст во кој се случуваат социјалната, етничката и верската дистанца меѓу заедниците и каде што се формира и репродуцира идентитетот. Ќе биде вклучена и анализата на ставовите за последните процеси, во јавниот дискурс именувани како „антиквизација“. Ќе бидат презентирани податоци од истражувањето за политичката култура спроведено во рамките на овој проект, кој во целост е финансиран од ФИООМ, но и податоци од претходни истражувања спроведени од Центарот за етнички односи при ИСППИ од Скопје.

Првите неколку прашања, иако се предмет на анализа на други теми на моите колеги од Центарот, ќе ни овозможат да согледаме што мислат граѓаните за тоа, колку демократијата навлегла во порите на нашето општество. Народот е секогаш најдоброто огледало во кое процесите имаат своја рефлексија – било како ставови било како формирани перцепции за нашата стварност. Првите прашања се однесуваат на тоа: колку е демократско македонското општество, колку државата се грижи за граѓаните и колку таа ги штити нивните права.

## Државата, граѓаните и демократијата

**Прашање**

***„На скала од 1 до 10, оценете колку е демократско македонското општество?“***

*Граѓаните, во голем процент имаат негативна перцепција за тоа колку е демократско македонското општество.* Според Графикон 1, јасно се гледа како се распоредени одговорите на испитаниците на ова прашање. Доминираат одговорите од 1 до 5 кои се наоѓаат на негативниот крај од оваа скала. Ако направиме мала математика и ги собереме овие податоци во две едноставни множества (1-5 и 6-10), тогаш, дека македонското општество не е демократско мислат 78% од респондентите, додека 22% мислат дека македонското општество, сепак, е доволно демократско. Оваа разлика, по две децении транзиција и демократизација, е нестварно голема. Во општата дистрибуција на фрекфенции не постои ниту постепен преод од едниот кон другиот крај на континумот. Ако се погледнат податоците за две независни варијабли – *возраста* и *образованието* – се забележува благ премин од едниот кон другиот крај на скалата. На следните два графикона се забележува дека испитаниците од 50-65 години имаат поизразено негативен став кон ова прашање, исто како и испитаниците со основно образование.

**„Ние порано живеевме во едноумие ама тогаш имаше повеќе демократија од денес. Сега има демократија само на хартија. Порано официјално не си смеел да кажеш ништо. Сега смееш да кажеш сé, ама се плашиш. Се плашиш да не останеш без работа. Се јавуваат по телефон пред избори да ме прашаат за кого ќе гласам.“**

*Цитатите се од фокус групите*






**Графикон 1**

***Возраст***




***Образование***




**Прашање**

***„На скала од 1 до 10, оценете колку нашата држава се грижи за граѓанинот?“***

*Граѓаните имаат уште понегативна перцепција за тоа колку државата се грижи за нив.* Во Графикон 2, многу јасно се претставени мислењата на испитаниците. И тука правилноста на дистрибуцијата на фреквенциите е доста сликовита. Со спојување на одговорите како кај првото прашање, се добива дека 85% од испитаниците во анкетата мислат дека државата воопшто не се грижи за нив. Само 15% имаат позитивен став дека државата води некаква грижа. Додека кај општата дистрибуција на одговорите на претходното прашање бројот 5 беше најчест избор, кај ова прашање најзастапен е одговорот под број 1. Овој тип на прашања многу едноставно ги распоредува одговорите на респондентите, при што 1 е најнегативен, а 10 најпозитивен став. Во случајов, 1 е отсуство на грижа а 10 би била најголема грижа. Ако погледнеме некои од независните варијабли, ќе забележиме дека Албанците имаат понегативен став (95%) за тоа колку државата

се грижи за граѓаните. Исто така, малку поразличен став од просекот имаат и испитаниците од „центарот“ – со 88%, а нешто понизок е просекот на „десничарите“ – со само 70% пронегативен став.

> **„До никаде не сме стигнале. За тоа мислам дека вината е во самите нас, народот. Не знаеме како да се избориме за својот живот, за својата егзистенција. Има луѓе кои знаат, ама се уплашени. Чекаат друг да ја заврши работата. Така не може.“**

**Графикон 2**




***Етничка припадност***




***Идеолошка припадност***



**Прашање**

***„Колку државата и нејзините институции ги штитат вашите права?“***

Одговорите се распоредени на скала од 1 до 4 (1-редовно, 2-често, 3-ретко, 4-никогаш, 5-не знам). Се забележува дека одговорите недвосмислено го отсликуваат ставот на граѓаните дека државата и нејзините институции не се грижат и не ги штитат нивните права (Графикон 3). Ако ги споиме редовно и често и ретко и никогаш, ќе добиеме јасен став дека, *според мислењата на испитаниците, државата, исто така, во 75% од случаите не ги штити нивните права*, додека позитивен став изразиле само 16% од учесниците во анкетата. Сите овие критички перцепции за држава што има кандидатски статус за прием во ЕУ покажуваат дека политичките елити не работат онака како што очекуваат граѓаните. Очигледно дека граѓаните не се задоволни од односот на државните институции кои во голем дел не ги штитат нивните права. На ова прашање речиси и да нема статистички разлики меѓу независните варијабли, од кои подолу се дадени одговорите само според полот и местото на живеење.

**„За мене ова што денес се нарекува демократија е анархија. Секој работи така како што му се сака. Никогаш повеќе не се крадело, не се лажело. Никогаш немало повеќе апсења - јавни и тајни. Сé се прави за да се заплашат луѓето да не зборуваат јавно што мислат.“**




**Графикон 3**

***Пол***



***Место на живеење***




**Прашање**

***„Како Владата и државните институции си ги вршат работите?“***

Добивме исклучителна негативна перцепција. И овде изборот беше на скала од 1 до 4 (1-одлично, 2-многу добро, 3-добро, 4-незадоволително). Ако ги собереме одговорите како претходно, ќе добиеме дека *во 85% граѓаните не се задоволни како Владата и државните институции си ги вршат работите*, додека само 15% се задоволни (Графикон 4). Ако, пак, го земеме како негативен само последниот одговор, Владата може да добие преодна оцена со само 53%. Според независните варијабли, најнегативен став кон Владата имаат Албанците, додека малку попозитивни се Македонците и Ромите, како и граѓаните од Југоисточниот и Југозападниот регион.






**Графикон 4**

**„Последнава влада како да работи во насока на подобрување на состојбите. Но тешко им оди затоа што општеството досега било доста запоставено. Тоа е случај во последниве 20 години од независноста. На пример, запоставена била економијата. Се согласувам со премиерот дека малку се работело претходно. Исто така, имало лоша приватизација, со крадење на фирми. Тие работи не може да се променат преку ноќ.“**

***Етничка припадност***




***Регион***






**Прашање** (2001)

***„Што најмногу ви пречи кај Владата?“***

Сега ќе се обидеме да направиме мала споредба меѓу оваа состојба на „недемократија“ во 2010 година со податоци добиени во 2001, година критична за развој на македонското општество. Иако многу работи во таа критична година за Македонија не функционираа како што треба, граѓаните имаа јасно профилиран став за тоа што најмногу не „штимаше“. *Граѓаните во 2001 година се изјаснија дека најмногу им пречи „влошувањето на меѓуетничките односи“* (види Графикон 5). Но, ако се погледнат одговорите според етничката припадност, ќе се види дека „влошувањето на меѓуетничките односи“ било забелешка само на Албанците и на Ромите. Според другите испитаници, во општеството немало некој посебно истакнат проблем. Македонците не издвоиле ниту еден специфичен проблем.

***„Што најмногу ви пречи кај Владата?“*** - Графикон 5

**1. Партизацијата на државата**
**2. Неводењето сметка за националните интереси**
**3. Продажба на стратешки претпријатија на странци**
**4. Хајките против луѓе и отпуштањата од работа**
**5. Влошувањето на меѓуетничките односи**




**Графикон 5**

***Етничка припадност***




> **„Денес мора да кажеме дека има некои промени за разлика од порано. Албанците имаат поголем пристап до институциите на државата. Ситуацијата можеби не е најдобра, но не е ниту лоша. Кај Албанците се подобри вработувањето. Има и други подобрувања. На пример, со употребата на јазикот.“**

> **„Еве за ромската заедница. Да не беше Рамковниот договор ние Ромите немаше да постоиме ниту во концептот на образование, ниту во концептот на вработување. Процентуално гледано, ние сме многу малку присутни во институциите. Воопшто никаде не нема.“**

> **„Турците и другите помали заедници немаат никакви права. Многу тешко се вработуваме. Имам многу ветувања, ама главно не лажат. Тешко е да си помала заедница. Немаш никаква моќ да менуваш нешто.“**

**Прашање** (2005)

***„Дали Македонија се движи во вистинска насока?“***

Во 2005 година Република Македонија беше стабилна и се чинеше дека нема некој посебен проблем што би ја спречило државата да оди напред. Затоа и на крајот на годината доби кандидатски статус за членство во ЕУ. *Во 2005 година граѓаните беа критички расположени и одговорија дека Македонија не се движи во вистинска насока*, иако разликата во однос на позитивниот одговор не беше многу голема (види Графикон 6). Сепак, многу поинаква разлика се јавува според етничката припадност на испитаниците. Додека сите поголеми заедници се вклопуваат во просечните одговори според општата дистрибуција

на фрекфенции, Албанците во поголем дел беа „задоволни“ со насоката во која се движи државата. Додека во 2001 година на Албанците им пречеше влошувањето на меѓуетничките односи, во 2005 година тие сметаа дека Макединија се движи во добра насока. Кај другите заедници, особено кај Турците и Македонците, доминира ставот дека државата не оди во добар правец.

**„Албанците денес имаат поголема шанса за вработување, но се вработуваат и од другите заедници. Сега главен проблем за сите нас се партиските вработувања. Повеќе се води сметка за партискиот кадар отколку за заедниците.“**

**„Има преголема партизација. Што ти вреди Рамковниот договор кога пак се вработуваат подобни. Само сега не се Македонци, туку партиски членови. Дури е и полошо. Кај нас доминантни се партиите, тие се во центарот. Граѓанинот го нема.“**




**Графикон 6**

***Етничка припадност***



**Прашање**

***„Дали се согласувате со ставот дека повеќепартискиот систем е добар?“***

Ова е важно прашање, бидејќи ако политичкиот систем е лош, тогаш тој ќе репродуцира секакви девијации загрозувајќи ги правата на граѓаните. Наш интерес беше ставот на граѓаните како субјективна рефлексија на променетата политичка парадигма: демократскиот модел на држава и повеќепартискиот систем. *За две третини од испитаниците (67%) повеќепартискиот систем е добар.* Изборот беше многу едноставен, граѓаните одговараа со да или со не. Ако се има предвид низ што сѐ поминаа граѓаните во изминативе години, се очекуваше дека стариот систем сѐ уште би продуцирал некакви емоции и позитивни алузии. Сепак, разлики постојат барем според две независни варијабли: возраста и образованието. Според возраста, изразено попозитивен став кон новиот политички систем имаат помладите анкетирани лица, додека кај образованието попозитивни кон новиот политички модел се повисоко образованите граѓани. Веројатно размислувањето е дека новиот модел на држава треба да отвори поголеми можности и перспективи за помладите и пообразованите.




**Графикон 7**



> **“Да не беа партииве уште ќе бевме во комунизам. Фала богу што ги има. Мајка ми и татко ми нека кажат како било без партии. Затоа има демократија. Не е како во Америка, ама полека. Тоа е демократија.**
> **Па не сме баш за никаде!“**

***Возраст***




***Образование***



**Прашање**

***„Кој е за вас најголем авторитет?“***

Ова прашање е важно во контекст на борбата меѓу секуларноста и религиите која е актуелна со векови наназад. Модернизацијата и урбанизацијата ширум ја отворија вратата за секуларизацијата на државата. Демократската држава има строга поделба на власта во која верските заедници имаат мала улога. Иако се претпоставуваше, имено, црквата со години наназад имала висока доверба меѓу граѓаните, сепак, не очекувавме дека *за граѓаните убедливо најголем авторитет е Господ/Алах (42%), додека на второ место е Претседателот/Премиерот (19%)*. Што се однесува до десегрегацијата на податоците според етничката варијабла, за „Алах“ гласаа мнозинството Турци и Албанци, но и Роми, додека за „Претседателот/Премиерот“ својот глас го дадоа повеќето Роми. Кај Македонците изборот беше следен: Господ (31%), Претседателот/Премиерот (24%), и не верувам во авторитети (28%).

**„Ние сме партиска држава. Политичките партии се многу моќни. Проблемите на граѓаните никој не ги решава. Затоа што не се решаваат проблемите младите сакаат да побегнат од тука. И си одат, масовно. Прво одат да студираат а потоа бараат начини да не се вратат. Особено сега кога се олесни работата со визите.“**

**Графикон 8**




***„Кој е за вас најголем авторитет?“*** **- Графикон 8**

**1. Претседателот на државата, Премиерот**
**2. Министерот од кој зависи мојата работа**
**3. Мојот шеф, директор**
**4. Професорите на мојот факултет**
**5. Лидерот на мојата партија**
**6. Поглаварот на мојата верска заедница**
**7. Господ, Алах**

**Господ, Алах**




**Претседателот, Премиерот**



### Прашање

***„Чиј интерес е најважен?“***

Според општата дистрибуција на фрекфенции, граѓаните се безмалку поделени меѓу индивидуалниот (42%) и државниот интерес (41,5%). Веројатно и двете категории се перцепираат како важни. Десегрегарцијата според етничката варијабла кај двете категории дава подисперзирана слика во однос на одговорите. Имено, додека за индивидуалниот интерес најмногу гласови дадоа Албанците, потоа Турците и Македонците, за државниот интерес се изјасниле мнозинство Роми, Македонци и Турци, но со помала процентуална застапеност. Процентот кај Албанците во однос на државниот интерес е многу мал, додека кај Македонците државниот интерес е за десетина проценти повисок од индивидуалниот интерес. Индикативно е тоа што интересот на етничките заедници е застапен со многу мал процент.

**Графикон 9**




***„Чиј интерес е најважен?“*** **- Графикон 9**

1. **Индивидуалниот интерес**
2. **Партискиот интерес**
3. **Интересот на етничката заедница**
4. **Државниот интерес**



**„Граѓаните ни се сиромашни. Стандардите ни се ниски. Се е многу пропаднато. Затоа граѓаните не може да им се спротивстават на политичките партии. Тоа не може да го направат дури и невладините организации. За да се спротивставиш на политичките партии на власт треба да имаш ресурси. Само партиите на власт имаат доволно пари за да владеат и никој не може да им се спротивстави. Граѓаните се принудени да им се приклучуваат ако сакаат да преживеат или ако сакаат да се вработат, да тераат бизнис или било што друго.“**

***Индивидуалниот интерес***




***Државниот интерес***



**Прашање**

***„Дали индивидуалните права се поважни од колективните?“***

Ова прашање е продолжување на анализата на ставот за интересите. Одговорите за правата беа едноставни – со потврдување или негирање на претпоставката (1-да, 2-не, 3-не знам). Се потврди сознанието дека *граѓаните им даваат предност на индивидуалните права (50%) наспроти колективните права (35%)*. Овој процент е доста изразен и статистички значаен. Одговорите се потврдуваат и преку повеќето независни варијабли, меѓу кои и да нема поголеми разлики. Единствено останува дилемата, дали сите граѓани разбираат што се тоа колективни права. Во однос на регионот како варијабла, поизразен став во правец на индивидуалните права имаат испитаниците од Полошкиот регион, додека колективните права се поистакнати кај граѓаните од Југозападниот и Источниот регион. Кај етничката припадност, помеѓу Македонците и Албанците речиси и да нема разлики. Во контекст на последните две анализирани прашања би било добро ако македонското општество почнало да се ослободува од колективните стеги и да поддржува поголема индивидуализација како карактеристика на либералното општество. Повеќето одговори во корист на индивидуалните права се над 40%, а за колективните права под 40%.




**Графикон 10**

> **„Мислам дека граѓаните се пасивни посматрачи на сето ова. Тоа е запишано во нашиот генетски код. – Ајде бе, кој ќе оди на штрајк, јас ќе си седам дома. Така мислат повеќето. Народот не се буни. Што сè се случи, пак ништо. Се бунат Грците, Србите. Кај нас имаше штрајк во образованието две недели и имаше невиден притисок тој да се прекине.“**

***Регион - поважни индивидуални***




***Регион - поважни колективни***



**Прашање**

***„Дали се согласувате дека постоењето на повеќе етнички групи во Македонија е богатство за државата?“***

Ова е прашање кое одвреме-навреме сме го поставувале во нашите истражувања. Речиси по правило испитаниците со мнозинство го поддржувале ставот дека мултиетничноста е богатство за државата. Изборот и овој пат беше едноставен (1-да, 2-не). *Дека постоењето на повеќе етнички групи во Македонија е богатство за државата одговориле 77% од испитаниците, додека со „не“ само 23%.* Ако се погледне независната варијабла за идеолошката припадност, може да се заклучи дека македонското општество навистина нема иделошки разлики кога е во прашање мултиетничноста. На овие простори отсекогаш битисувале различни култури и цивилизации и тоа втиснало некаква природна прифатливост кај народот. Познато е дека левицата има многу помек став кон мултикултурализмот отколку десницата, барем според западните идеологии, но тоа кај нас едноставно не важи. Така барем покажуваат бројките. Што се однесува до етничката варијабла, Албанците имаат доста повисок процент на позитивни одговори во однос на Македонците. Временски гледано, процентот на Македонците кои мислат вака се зголемува и годинава достигна највисок степен од 70%.




**Графикон 11**

**„Етничките групи само начелно ги почитуваме. Многу мал број на граѓани се подготвени за соживот и дружење. Јас сум од Тетово. Кај нас ситуацијата е поинаква. Ние сме упатени едни на други. Сепак, посебно по 2001 година како да се затворивме и изолиравме. Многу е важно да најдеме модели на заедничко живеење.“**



***Етничка припадност***




***Идеолошка припадност***



**Прашање**

***„Дали се согласувате со ставот дека Македонците и Албанците всушност не сакаат да живеат заедно?“***

Во контраст со претходното прашање, ова прашање делува помалку демократски и повеќе како „мерење на силите“ кој кого повеќе сака или не сака. Односите меѓу Македонците и Албанците доживеаја неколку фази во изминативе две декади: фаза на етнички тензии, фаза на конфликт и фазата на рехабилитација. Но, никогаш овие односи не поминале низ фаза на некакво помирување и договор за заедничка иднина. Охридскиот договор сепак беше изнудено решение, иако мора да се признае дека ја стабилизира државата и ја помести нанапред. Секако дека овие собитија имаат своја рефлексија и во перцепциите на граѓаните. *Во општата дистрибуција на фрекфенции нема голема разлика меѓу позитивните и негативните одговори (53% да, 47% не)*. Најголеми разлики се јавуваат меѓу „десницата“ и нивното согласување со ставот (60%), наспроти процентите на другите идеолошки провениенции. Има мала статистичка разлика меѓу ставовите на Македонците и на Албанците. Иако и овие проценти зборуваат за состојба на „присилна коегзистенција“ а не за доброволен мултикултурализам.




**Графикон 12**

> **„Во Тетово, на пример, 90% од Албанците зборуват македонски, додека Македонците ретко го зборуват албанскиот јазик. Јас сум задоволна што сега децата учат албански. Потребно е да се знае јазикот.“**

***Етничка припадност***




***Идеолошка припадност***



Од аспект на досега презентираните податоци може да се изведат неколку генерални заклучоци и тенденции.

**Прво**, во однос на демократската атмосфера и односи во државата, граѓаните мислат дека тие се на многу ниско ниво. Анкетираните граѓани во 85% не се задоволни од тоа како Владата и институциите си ги вршат работите, а во ист процент (85%) сметаат дека тие воопшто не се грижат за нив. Исто така, во 75% од случаите мислат дека државата не ги штити нивните права, но и дека македонското општество во голем процент не е демократско (78%).

**Второ**, додека во 2001 година постоеше раширено незадоволство меѓу повеќето етнички заедници во однос на влошувањето на меѓуетничките односи, во 2005 година оваа слика се промени само кај Албанците, кои сметаа дека државата се движи во добра насока. Сите други сметаа дека државата оди во погрешен правец.

**Трето**, иако граѓаните имаат став дека новиот (повеќепартиски) политички систем е добар и нуди повеќе можности, нивен најголем авторитет останува Господ/Алах, додека во однос на индивидуалните права тие сѐ повеќе стануваат значајни за граѓаните наспроти државата.

**Четврто**, македонското општество во однос на етничката разновидност од страна на граѓаните се перцепира како богатство, сепак, во однос на заедничкото живеење Македонците и Албанците се согласиле дека тие всушност и не сакаат да живеат заедно. Овој став е поизразен кај Македонците.

**Петто**, сето ова заедно, грубо кажано, дава слика на еден полудемократски режим, кој не се грижи премногу за граѓаните, со нестабилни меѓуетнички односи, особено меѓу Македонците и Албанците, режим во кој граѓаните повеќе веруваат во Господ/Алах отколку во политичките лидери.



**Денес, Република Македонија претставува еден контекст во кој тешко може да се гради стабилно општество со добри меѓуетнички односи и во кој државата не успева да ги задоволи или заштити правата на граѓаните. Граѓаните, пак, наоѓајќи се меѓу чеканот и наковалната, продолжуваат повеќе да веруваат во Господ/Алах отколку во државата. Најдрастичен е ставот дека всушност државата не успева да ги оствари своите основни функции: правата и потребите на граѓаните. Важни се и перцепциите дека политичкиот систем е сепак добар и дека почнува да опаѓа важноста на етничкиот интерес наспроти индивидуалниот.**

## Етничката дистанца

### Прашање

### *Етничка дистанца*

Наредна тема е етничката или социјална дистанца, преку која се мери комуникацијата меѓу различни етнички групи или заедници. Социјалната дистанца е доста прецизен инструмент преку кој се гледа какви се односите меѓу различните групи и колку всушност тие се оддалечени едни од други и покрај заедничкото живеење во едно општество. Оваа дистанца обично се мери во 5 или во 7 степени и започнува со прашања од типот дали треба да се живее во иста држава, па се до тоа дали припадници на различни етнички групи треба да стапуваат во брачни односи.

Во македонското општество етничката дистанца како инструмент ја имаме користено во неколку истражувања на ИСППИ од кои ќе презентираме неколку податоци. Во сегашното истражување употребивме прашања во пет различни соодноси. Овие прашања се скалирани од соседство до мешани бракови:

**1. Етничките групи треба да живеат во различни соседства**

**2. Децата од различни етнички групи треба да учат поделено**

**3. Пријателите треба да се од различна етничка припадност**

**4. Мажот и жената треба да имаат исто етничко потекло**

**5. Не сакам моето дете да стапи во брак со лице од друга етничка група**




**Графикон 13**

Да ги анализираме само потврдните одговори на горенаведените ставови, погледнати како еден супстрат. Од графиконот 13 се гледа дека, генерално, во нашето општество најизразена е етничката дистанца во однос на мешаните бракови, односно ставовите за мешаните бракови помеѓу децата на испитаниците. Најмала е етничката дистанца меѓу пријателите. Има разлики меѓу ставовите за социјална дистанца кај различните етнички заедници. Десегрегацијата преку етничката варијабла ќе ја прикажеме и преку временски интервал од десет години. Така, на графиконите подолу може да се види дека во 2001 година етничката дистанца била поистакната и дека во одредени категории била најизразена кај Албанците. Најмала етничка дистанца во однос на различните заедници имала турската група. Во 2010 година етничката дистанца е постабилна со дефинирани тенденции. Албанците сé уште имаат најизразена дистанца во однос на другите групи, но има зголемување на етничката дистанца кај Турците, а намалување кај Ромите. Во 2001 година имало тензии меѓу 3 и 4 степен на скалата, а во 2010 година етничката дистанца се стабилизира и е најголема повторно во однос на мешаните бракови.

***2010***




***2001***




***„Дали се согласувате дека мажот и жената треба да се од иста етничка припадност?“***

**Табела 1**

| **2010** | **Етничка припадност** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Македонец | Албанец | Турчин | Ром | Друго |
| Да | 49,7% | **68,7%** | **51,2%** | 30,4% | 43,2% |
| Не | 50,3% | 31,3% | 48,8% | **69,6%** | 56,8% |
| Вкупно | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

| **2001** | **Етничка припадност** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Друго |
| Да | **61,06%** | **72,80%** | 42,31% | **60,00%** | 55,56% |
| Не | 37,63% | 26,91% | **57,69%** | 40,00% | 44,44% |
| Вкупно | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% |

Во табела 1 се прикажани податоци само за една од категориите од социјалната дистанца – за мешаните бракови од различна етничка припадност. Според податоците, кај Македонците има големо омекнување, кај Албанците дистанцата и натаму останува голема, додека кај Турците има влошување, а најголемо подобрување има кај Ромите. Потврдено е дека мирниот соживот придонесува оваа дистанца да се намалува, а рамноправната позиција на различните групи во општеството е фактор кој во многу ги урива етничките дистанци меѓу различните етнички заедници.

**Прашање** (2005)

***„Кои се најголемите пречки во комуникацијата меѓу Македонците и Албанците?“***

Според резултатите од повеќе истражувања, најважни фактори за намалена етничка дистанца остануваат различните културни структури. Во македонското општество, во 2005 година граѓаните имале став дека јазикот (Албанците, Македонците) и религијата (Албанците) се најголемите пречки во комуникацијата меѓу Македонците и Албанците. Во однос на градацијата на пречките, кај Македонците нема големи осцилации меѓу трите категории, додека кај Албанците овие разлики се многу поистакнати, а од нив најважна категорија е јазикот.




**Графикон 14**

***2005***

Според подолу дадените табели, квантитативните показатели за две независни варијабли (возраст и образование) од истото истражување покажуваат дека кај најмладите испитаници има поголеми разлики во однос на јазикот како пречка во комуникацијата. Кај возраста нема големи разлики во однос на религијата. Во однос на образованието, поголеми статистички разлики се јавуваат кај испитаниците со помало образование и тоа и кај јазикот и кај религијата.

**Табела 2**

| 2005 Возраст | Најголеми пречки во комуникацијата | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **18-25** | **26-35** | **36-45** | **46-55** | **56-65** | **над 65** |
| **Јазик** | **40,60%** | 28,10% | **33,90%** | 29,30% | **34,60%** | 22,50% |
| **Религија** | 22,70% | 26,20% | 26,20% | 29,00% | 28,30% | 31,00% |
| **Културни разлики** | 21,10% | 29,80% | 23,90% | 25,10% | 23,00% | 25,40% |
| **Друго** | 2,70% | 2,70% | 2,40% | 2,70% | 2,60% | 4,20% |
| **Без одговор** | 12,90% | 13,10% | 13,60% | 14,00% | 11,50% | 16,90% |
| Вкупно | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% |

| 2005 Образование | Најголеми пречки во комуникацијата | | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Незавршено основно** | **Основно** | **Средно** | **Високо** | |
| **Јазик** | **39,30%** | **40,90%** | 32,00% | 28,00% | 32,30% |
| **Религија** | **35,70%** | **31,10%** | 25,10% | 27,10% | 26,70% |
| **Културни разлики** | 7,10% | 17,80% | 26,70% | 26,40% | 25,00% |
| **Друго** | | 2,20% | 2,80% | 2,90% | 2,70% |
| **Без одговор** | 17,90% | 8,00% | 13,40% | 15,70% | 13,40% |
| Вкупно | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% |

**Прашање**

***„Човек што не ја почитува традицијата не вреди.“***

Следното прашање се однесува на граѓаните и нивната поврзаност со традициите. Преку ова прашање се гледа колку граѓаните се ориентирани кон традиционалните вредности. Убедливо преовладува одговорот дека традиционалните вредности треба да се почитуваат, но од овие одговори не може да изведеме некоја поцврста генерализација. Веќе напоменавме дека граѓаните покажуваат поголема ориентираност кон индивидуалните права, но тоа не значи дека се откажуваат од традициите. Ова особено се однесува на културните традиционални вредности. Ако се анализира временската дистанца (2001/2010), ќе се забележи дека има мало поместување во однос на опаѓањето на приврзаноста кон традиционалните вредности, што покажува некаков тренд.

Ако ова прашање се погледне преку независните варијабли, може да се заклучи дека етничката припадност различно влијае врз почитувањето на

традиционалните вредности кај етничките заедници. Постои општ тренд на опаѓање на нивното значење. Обратно: кај Ромите во 2010 година традициите се многу позначајни отколку во 2001 година. Статистичките разлики се особено истакнати меѓу степените на образование и почитувањето на традицијата. Најмалку значајни се традиционалните вредности за високо образованите, додека традициите се сé уште доста значајни за оние со пониско образование.




**Графикон 15**

## Табела 3

| 2010 | Етничка припадност | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Македонец | Албанец | Турчин | Ром | Друго |
| Да | **69,9%** | **60,8%** | **62,2%** | 89,1% | 62,2% |
| Не | 30,1% | 39,2% | 37,8% | **10,9%** | 37,8% |
| Вкупно | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

| 2001 | Етничка припадност | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Друго |
| Да | **77,31%** | **71,39%** | **76,92%** | 52,00% | 85,19% |
| Не | 22,50% | 28,33% | 21,15% | **44,00%** | 14,81% |
| Не знам | 0,19% | 0,28% | 1,92% | 4,00% | 0,00% |
| Вкупно | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% |

| | Образование | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Незавршено основно | Завршено основно | Средно | Вишо/ Високо | |
| Да | **83,7%** | **79,5%** | 68,2% | **58,6%** | 67,7% |
| Не | 16,3% | 20,5% | 31,8% | 41,4% | 32,3% |
| Вкупно | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

**Прашање**

***Верска дистанца***

Верската дистанца е само мала модификација или модалитет на социјалната дистанца. Во ова истражување употребивме прашања во три различни соодноси. Овие прашања се скалирани од одење во црква или џамија, преку (не)почитување на законите што се во спротивност со верата, па се до (не)прифатливост на мешаните бракови врз различна верска припадност:

**1. Сите луѓе треба да одат во црква или џамија**

**2. Ако некој од законите е во спротивност со верата не треба да се почитува**

**3. Мажот и жената треба да се од иста вера**



**Графикон 16**




Ако ги анализираме само потврдните одговори, ќе забележиме дека најмала е дистанцата во однос на почитувањето на законите кои се во спротивност со верата. Респондентите најмалку се согласиле со овој став. За еден степен е поголема дистанцата спрема одењето во црква или во џамија, а најголема е согласноста со дистанцата во однос на ставот дека мажот и жената треба да се од иста вера. Тоа е барем соодносот што се однесува до просечните одговори на испитаниците. Но, да ги погледнеме првиот и третиот одговор низ призмата на независните варијабли.

**Прашање**

***„Дали сите луѓе треба да одат во црква или џамија?“***




**Графикон 17**

Независните варијабли имаат влијание врз одговорите на прашањето за посетувањето на верските објекти. Според етничката припадност особено овој став е изразен кај Ромите и кај Турците а помалку кај Албанците, сите три заедници припадници на муслиманската религија. Кај Македонците оваа согласност е најмала. Исто така, дека сите луѓе треба да одат во црква или џамија е став на испитаниците со пониско образование, што е во спротивност со оние што имаат повисоко образование. Ова јасно се гледа од табелите дадени подолу.

**Табела 4**

| | Етничка припадност | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Македонец | Албанец | Турчин | Ром | Друго | |
| Да | 41,8% | 49,0% | **56,1%** | **71,7%** | 43,2% | 45,2% |
| Не | 58,2% | 51,0% | 43,9% | 28,3% | 56,8% | 54,8% |
| Вкупно | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

| | Образование | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Незавршено основно | Завршено основно | Средно | Вишо/ Високо | |
| Да | **69,4%** | **63,3%** | 45,0% | 33,3% | 45,2% |
| Не | 30,6% | 36,7% | 55,0% | 66,7% | 54,8% |
| Вкупно | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

***„Дали мажот и жената треба да се од иста вера?“***

**Графикон 18**




На ова прашање, важно за мултикултурализмот во секое мултиетничко општество, независните варијабли имаат исто така големо влијание. Поголемата верска дистанца е изразена кај Албанците, но и кај Турците и Македонците. И овде повисокото образование значи помала верска дистанца, и обратно. Може да се констатира дека во македонското општество верската дистанца е многу поригидна и поизразена во однос на етничката дистанца.



**Табела 5**

| | Етничка припадност | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Македонец | Албанец | Турчин | Ром | Друго | |
| Да | 59,7% | **88,5%** | **76,8%** | 37,0% | 59,5% | 66,9% |
| Не | 40,3% | 11,5% | 23,2% | 63,0% | 40,5% | 33,1% |
| Вкупно | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

| | Образование | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Незавршено основно | Завршено основно | Средно | Вишо/ Високо | |
| Да | **83,7%** | **77,3%** | 69,4% | 54,4% | 66,9% |
| Не | 16,3% | 22,7% | 30,6% | 45,6% | 33,1% |
| Вкупно | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Етничката дистанца кај нас нема длабоки корени, веројатно поради тоа што во рамките на Отоманската империја етничките групи биле „рамноправно" подјармени, додека во социјализмот сите бевме „еднакви". Сепак, особено како наследство од милетскиот систем, останала една голема разлика според која сите муслимани биле во многу поповолна положба. Како и да е, во текот на минатиот век бурните социо-политички настани придонеле етничката дистанца да осцилира најмногу според верската категорија, но и според други културни фактори. Од другите фактори барем во македонското општество, најважен е секако јазикот, кој во содејство со верата го прави македонското општество „природно" некомуникативно. ***Најголема етничка дистанца спрема другите групи покажува албанската заедница.***

Македонците покажуваат, исто така, голема етничка дистанца спрема другите заедници, додека етничката дистанца е променлива кај Турците и кај Ромите. ***Убедливо најголема дистанца кај сите етнички групи постои во однос на мешаните бракови од различна етничка припадност.*** Во теоријата оваа состојба е позната како „се мешаат, ама не се здружуваат" и е чест случај кај мултикултурните општества.

***Уште поголема е етничката дистанца според верската припадност во однос на мешаните бракови.*** Овде податоците покажуваат многу високи вредности. ***Најголема верска дистанца се идентификува кај Албанците, но таа постои и кај Турците и кај Македонците.*** Излезот од оваа верска затвореност можеби е само во поголемиот степен на образование, кое автоматски значи мала етничка дистанца. Ако се напомене дека во нашето општество во последните неколку години владее зголемен интерес за високото образование, останува да се надеваме дека ригидноста во однос на верската дистанца ќе се намалува.

***Како главни пречки за комуникација во општеството се јавуваат јазикот и верата.*** Ова во поголем обем го чувствуваат младите кои посетуваат паралелни образовни системи. Сегрегациската политика во образованието го прави јазикот уште поголема пречка во комуникацијата, особено меѓу Македонците и Албанците. Другите етнички заедници најчесто поминуваат барем еден степен или циклус на образование на македонски јазик и немаат проблем со комуникацијата. Доколку во нашето општество продолжи јакнењето на религијата, заедниците и натаму ќе продолжат да живеат паралелно со „сопствените" верски догми. Иако, некои податоци сигнализираат намалување на влијанието на традиционалните вредности.

## Националниот идентитет

**Прашање**

***„Како се чувствувате (или опишувате себе си)?“***

Кај идентитетот работите се многу поедноставни. Испитаниците ги прашувавме за нивните чувства за сопствениот идентитет. Од ова прашање најчесто е избиран одговорот „како граѓанин на Македонија“ (53%), потоа, како „припадник на мојата етничка група“ (20%) и „само како граѓанин“ (18%). Според етничката варијабла резултатите се доста поинаку дисперзирани. Како граѓани на Македонија повеќе се чувствуваат Ромите, Македонците и Турците, додека како припадници на нивната етничка група се чувствуваат главно Албанците и дел од Турците. Тоа е прикажано во Графиконот 19 подолу. Разликите од 2005 година се во порастот на чувствата кај Албанците за нивната етничка група, како постојан тренд, како и зголеменото чувство за својата етничност кај Турците.

**„Јас сум христијанин, православен Македонец. Повеќе како традиција, а не како религија. Денес овие прашања се релативизирани и прашањето за верата е индивидуално чувство.“**

**„Албанец, кој зборува албански, муслиман, а потоа како државјанин на РМ. За симболите на нашата држава немам некој однос или чувства.“**

**„Јас се чувствувам како Балканка. Не е срамота да си Балканец. Зошто да се чувствувам поинаку. Тука сум родена. Сите сме исти, се гледа. За Европејка не сум, еве не нѐ сакаат таму.“**

***„Како се чувствувате (или опишувате себе си)?“*** **- Графикон 19**

**1. Како припадник на мојата етничка група**
**2. Како припадник на мојата локална заедница**
**3. Како припадник на мојот регион**
**4. Како граѓанин на Македонија**
**5. Како Европеец**
**6. Само како граѓанин на Македонија**

**Графикон 19**



***2010***




***2005***




**Прашање**

***„Дали вие лично се чувствувате како потомок на Александар Велики?“***

На директното прашање, дали се чувствуваат како потомци на Александар Велики, со не одговориле 64,5% од испитаниците. Сепак, дека се чувствуваат како потомци се изјасниле 35,5%, што воопшто не е мал процент ако се има предвид дека антиквизацијата е присутна релативно краток период. Се разбира, ова чувство е доминантно кај Македонците, со речиси изедначен скор со оние што не се чувствуваат блиски со големиот воин. Кај идеолошката припадност, со потврдни одговори доминираат оние од „десницата“ иако и кај нив негативните одговори се кумулативно повеќе во однос на потврдните. Левицата и центарот се помалку „заразени“ со ова чувство.




**Графикон 20**

> „Сите историски личности ми се важни и сите заслужуваат споменици, особено Александар. Тој не бил за џабе Велики. Не ги разбирам Скопјаниве. Мене да ми изградат во мојот град таков споменик ќе бидам среќен. Што е лошо ако сме потомци на голем човек? Да не имаме многу такви? Само Грците ли треба да го слават?“






**Прашање**

***„Што е за вас Александар Велики?"***

Александар Велики, за 52,5% од Македонците е „само еден од личностите од историјата на мојот народ". На околу 11% од испитаните граѓани Александар „ништо не им значи", наспроти 27% од респондентите кои се убедени дека тој е „најважен бидејќи од него потекнува мојот народ". Интересна дисперзија на одговорите:

***„Што е за вас Александар Велики?"*** - Графикон 21

**1. Ништо не ми значи**
**2. Најважен ми е бидејќи од него потекнува мојот народ**
**3. Тој е само еден од личностите од историјата на мојот народ**
**4. Не знам**




„Факт е дека Александар постоел на овие простори и дека оставил трага во историјата. Можеби во нашата крв има 5-10 % од тоа време. Тоа е неспорно. Но не можам да поверувам дека сум чиста античка Македонка. Овде поминале Римјаните, Германците. Можеби мојот прадедо е од крстоносците што поминале во овие краеви."

**Графикон 21**

Независните варијабли, особено онаа за местото на живеење (село/град – Табела 6), покажуваат дека главни поддржувачи на „Александроманијата" се луѓето од градот. Исто така, зад нив многу не заостануваат ниту оние со повисоко образование, но и оние од „десницата". На пример, за испитаниците со високо образование во 51% од случаите тој е „само еден од личностите од историјата на мојот народ". Со истиот одговор се застапени 62% од испитаниците во Пелагонискиот регион, но и 55% од граѓаните во Источниот регион.









**Табела 6**

| | | Место на живеење | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | Град | Село | |
| Што е за вас Александар Велики | Ништо не ми значи | 17,6% | 40,1% | 23,7% |
| | Најважен ми е бидејќи од него потекнува мојот народ | **22,9%** | 12,4% | 20,1% |
| | Тој е само еден од личностите од историјата на мојот народ | **46,0%** | 30,2% | 41,7% |
| | Не знам | 13,5% | 17,3% | 14,5% |
| Вкупно | | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

**Прашање**

***„На што се должи нагло зголемениот интерес за античката историја во Македонија?“***

Ова прашање е доста политички обременето, но сепак одговорите покажуваат дека антиквизацијата има ефект што се однесува до „присвојување“ на новите елементи на државниот идентитет. Ова се гледа од честотата со која се јавува модалитетот дека „тоа е конечно афирмирање на вистинската историја на Македонија“, застапен со 29%. Со 26% се јавува модалитетот дека „тоа е обид да се налути Грција и да не се реши проблемот со името“, а со 21% дека тоа е „намерен обид да се внесе конфузија во идентитетот на Македонците“. Ова се тип на одговори кога граѓаните немаат искристализиран став на 3-4 понудени модалитети па прават принуден избор, а одговорите се горе-долу изедначени. Во тој случај, најчесто, графиконите немаат јасно профилиран тренд. Третиот одговор, за „конечно афирмирање на вистинската историја“, е најмногу преферирен од Македонците (40%) и од десницата (36%).

***„На што се должи нагло зголемениот интерес за античката историја во Македонија?“*** - Графикон 22

**1. Тоа е намерен обид да се внесе конфузија во идентитетот на Македонците**
**2. Тоа е обид да се налути Грција и да не се реши проблемот со името**
**3. Тоа е конечно афирмирање на вистинската историја на Македонија**
**4. Не знам**




„За жал многу ретко имаме причина за да се чувствуваме горди што сме Македонци. Со антиквизацијата се направи само збрка. Не може сега да градиме идентитет со нешта кон кои не сме воспоставиле однос.“

**Графикон 22**









**Прашање**

***„Која историска личност е за вас најзначајна?“***

Тука веќе Александар Велики ја „губи“ битката со Гоце Делчев (21%) и Јосип Броз – Тито (14%). Изборот за Александар (9%) е сведен на нивото на Скендербег (9%). Оваа слика се менува кога податоците се гледаат преку етничката варијабла. Така, кај Македонците останува истиот распоред на силите (со двојно поголема предност на Гоце Делчев пред другите личности), но кај Албанците изборот е исклучиво за Скендербег (36%), како и кај Турците за Ататурк (27%). Кај идеолошката припадност има менување на распоредот и тоа кај десницата каде што покрај првиот избор (Гоце Делчев) на второ место е Александар Велики, кој веќе го „добива“ Јосип Броз - Тито.

**Графикон 23**










**„Приказната за Александар најверојатно ќе ни биде прифатлива кога ќе го стават споменикот на плоштадот. Можеби тогаш ќе се родат некои нови чувства. Можеби нешто ќе се смени. Сега засега не се зборува многу за тоа. Александар е заспан.“**

Сепак, најголеми и најзначајни статистички разлики во однос на ова прашање се јавуваат кај возраста. Овие податоци се дадени во Табела 7. Гоце Делчев е прв „пик“ кај сите генерации. Но, јасно се гледа дека приказната за Александар е веќе елемент во државниот идентитет кај помладите генерации, за разлика од постарите генерации кај кои Јосип Броз – Тито сé уште претставува значајна личност.

**Табела 7**

| Која историска личност е за Вас најзначајна? | Возраст | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 18-25 год. | 26-30 год. | 31-40 год. | 41-50 год. | 50-65 год. | над 65 год. | |
| **Александар Македонски** | **11,1%** | **11,4%** | **10,0%** | 7,4% | 6,6% | 9,9% | 9,2% |
| **Јосип Броз - Тито** | 7,0% | 7,2% | 11,1% | **18,3%** | **21,2%** | **21,5%** | 13,9% |
| **Гоце Делчев** | **18,5%** | **18,6%** | **17,5%** | **19,9%** | **26,5%** | **36,4%** | 21,4% |
| Скендер Бег | 9,1% | 9,1% | 11,4% | 12,2% | 5,6% | 4,1% | 9,2% |
| Ататурк | 1,2% | 1,5% | 1,9% | 1,9% | 1,3% | | 1,5% |
| Други македонски херои | 7,4% | 6,1% | 10,8% | 7,7% | 10,9% | 9,1% | 8,8% |
| Други албански херои | 14,8% | 12,9% | 8,1% | 8,3% | 6,6% | 7,4% | 9,6% |
| Актуелни политичари | 1,2% | 1,1% | 1,4% | 1,3% | 0,7% | | 1,1% |
| Други историски личности | 11,5% | 12,5% | 9,7% | 4,5% | 7,6% | 4,1% | 8,6% |
| Без одоговор | 18,1% | 19,7% | 18,1% | 18,6% | 12,9% | 7,4% | 16,7% |
| Вкупно | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |



**Прашање**

***„Кое знаме за вас е најзначајно?“***

На ова прашање одговорите беа кристално јасни – како црно и бело. Како најзначајно знаме се истакнува државното (65%) додека како второ е албанското знаме – со 23% (Графикон 25). Ова преку етничката диоптрија изгледа како во Табела 8. Интересно е дека знамето од Вергина полека „се враќа во историјата“ со безначаен процент на избор.

***„Кое знаме за вас е најзначајно?“*** **- Графикон 24**

**1. Државното**
**2. Албанското**
**3. Знамето на Вергина**
**4. Знамиња на други држави**
**5. Други знамиња**
**6. Без одоговор**




**Графикон 24**

„Главниот спор со идентитетот е меѓу нас Македонците. Кој е повеќе а кој помалку Македонец. Знаеме колку има Албанци, Турци, Роми во државата. Има остаток еден милион Македонци. И тие сега се спорат меѓу себе. Се удираме во гради за Македонија а фрижидерот ни е празен.“

| | | Етничка припадност | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонец | Албанец | Турчин | Ром | Друго | |
| Кое знаме е за Вас најзначајно? | Државното | 88,3% | 3,8% | 40,2% | 73,9% | 78,4% | 64,7% |
| | Албанското | 1,4% | 85,4% | 22,0% | 6,5% | 2,7% | 23,1% |
| | Знамето на Вергина | 2,6% | | | 2,2% | | 1,7% |
| | Знамиња на други држави | 0,3% | 0,5% | 17,1% | 15,2% | 2,7% | 1,7% |
| | Други знамиња | 1,8% | 1,5% | 3,7% | | 5,4% | 1,9% |
| | Без одоговор | 5,5% | 8,7% | 17,1% | 2,2% | 10,8% | 6,9% |
| Вкупно | | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

**Табела 8**

**Прашање**

***„Кој празник за вас е најзначаен?“***

Во рамките на ова прашање, иако се измешани свети и државни празници, граѓаните сосема фокусирано како за најзначајни празници се одлучија за Велигден (28%), Бајрам (22%) и Божик (13%). Сите други празници се во рангот на „недоволно значајни“. Уште еднаш на површина изби борбата меѓу секуларноста и религиозноста, во која вторава е очигледно многу позначаен аспект во животот на граѓаните. Независно дали се христијани или муслимани. Тоа значи дека на

овој аспект ќе треба да му посветиме поголемо внимание кога анализираме и други теми, на пример темата за идентитетот, за етничката дистанца итн. Што се однесува до независните варијабли, кај Македонците поделбата е извршена меѓу Велигден (41%) и Божик (19%). За разлика од Македонците, изборот кај Албанците (63%), Турците (85%) и Ромите (50%) беше едноставен – Бајрам.

***„Кој празник за вас е најзначаен?“*** - **Графикон 25**

**1. Велигден**
**2. Божик**
**3. Нова Година**
**4. Бајрам**
**5. 8-ми Септември**
**6. 1-ви Мај**
**7. Илинден**
**8. 28-ми Ноември**
**9. 11-ти Октомври**
**10. Друг верски празник**
**11. Друг световен празник**
**12. Без одговор**

**Графикон 25**




**„За мене нема логика да се празнуват верските празници. Државата е секуларна, затоа треба да се слават само државни празници. Се е измешано. Зошто се слават верските празници? Потребна е внимателност во одредувањето на тоа што се празнува во една мултикултурна држава.“**



***„Кој од следниве празници не треба да се празнува?“***

Наредното прашање беше надополнување на претходното. Како избор за елиминација на празник од државната листа „победи“ 23-ти октомври – Ден на македонската револуционерна борба, со високи 36%. Како втор избор за елиминација за испитаниците е 1-ви мај – Ден на трудот, со 13%. Во секој случај, зборот е јасен и насочен, пред се, кон првиот именуван празник со кој, очигледно, граѓаните не успеале да се идентификуваат и да го прифатат како дел од сопствениот идентитет. Вториот празник ја губи битката поради сосема други социо-историски причини. Етничката варијабла се вклопува во просечните одговори кај повеќето испитаници, иако и 24-ти мај – Денот на македонските просветители како избор е доста присутен.

***„Кој од следниве празници не треба да се празнува?“*** - Графикон 26

**1. Нова година**
**2. 1-ви мај (Ден на трудот)**
**3. 2-ри август (Илинденско востание)**
**4. 8-ми септември (Ден на независност на РМ)**
**5. 24-ти мај (Ден на македонските просветители)**
**6. 11-ти октомври (Ден на македонското востание)**
**7. 23-ти октомври (Ден на македонската револуционерна борба)**
**8. Сите треба да се празнуваат**
**9. Без одговор**




**Графикон 26**

**“Што повеќе ме притискаат тоа повеќе сум патриот. За инает. Зошто да менувам име? Што сум после тоа? Крпа? Сум против промена на име, зошто после тоа ни земја нема да имаме. А што е па Европа? Таму милиони ли не чекаат? Еве во Бугарија пак има гладни. И за нас ќе биде така. Само ниту име нема да имаме.“**




**Прашање**

***„Каде сакаше да живееше: во Македонија или во друīа земја?“***

Последните две прашања се обидуваат да ги измерат чувствата на граѓаните кон сопствената држава и желбата за останување/напуштање во/на државата. Имено, 51% од испитаниците „се среќни што живеат во Македонија и не би се отселиле“. Дека „во овој момент би сакале да живеат во друга држава“ избрале 33%, а дека „отсекогаш сакале да се отселат во друга држава“ се изјасниле 15,5% од граѓаните. Ако се спојат првите две прашања, тогаш добиваме, дека безмалку половина од населението „сонува“ да си оди од државата. Независните варијабли според етничката припадност покажуваат дека во поголем процент Ромите отсекогаш сакале да се отселат, а овој став го делат и дел од Албанците. Најмногу „се среќни“ Македонците, но многу не заостануваат и Турците. Голема статистичка разлика се јавува кај идеолошката припадност. Најзадоволни од „престојот во Македонија“ во овој момент се граѓаните од десницата, додека за отселување повеќе сонуваат оние од левицата и од центарот.

***„Каде сакаше да живееше: во Македонија или во друīа земја?“*** - **Графикон 27**

**1. Отсекогаш сум сакал да се отселам во друга земја**
**2. Во овој момент би сакал да живеам во друга земја**
**3. Среќен сум што живеам во Македонија и не би се отселил**




**„Македонија оди назад. Младите сé повеќе се иселуваат и бегаат од Македонија. Во оваа држава има место и живот само за Македонците и Албанците. За другите нема ниту место ниту живот. Во Македонија најмногу права имаат Македонците. Другите се втора класа граѓани.“**

**Графикон 27**

***Етничка припадност***




***Идеолошка припадност***



**Прашање**

***„Македонија ја сакам само затоа што сум роден во неа, исто како што би ја сакал било која друга земја кога во неа би се родил.“***

На прашањето, дали Македонија ја сакаат само затоа што се родени во неа потврдно одговориле 81%, а со не само 19%. Овој одговор до некаде е во спротивност со изјаснувањето на претходното прашање во кое 51% од испитаниците „беа среќни што живеат во Македонија и не би се отселиле“. Овој показател дава слика за една голема резигнираност кај граѓаните проследена со мали „патриотски чувства“. Овој однос не се менува ниту кога податоците ќе се погледнат преку етничката варијабла, иако кај Македонците овој процент е нешто понизок, но сепак „преголем“ како чувство кон „сопствената национална држава“.




**Графикон 28**

**“Не знам зошто ви е се така црно. Да не беше поубаво порано? Особено за Албанците. Не може се одеднаш да се среди. Ама полека, оди. Еве закони се прават. Во Европа кај и да е ќе влеземе. Не може за еден ден.“**






**Табела 9**

| | Етничка припадност | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Македонец | Албанец | Турчин | Ром | Друго | Вкупно |
| Да | 76,6% | **90,8%** | **86,6%** | **97,8%** | 78,4% | 81,2% |
| Не | **23,4%** | 9,2% | 13,4% | 2,2% | 21,6% | 18,8% |
| Вкупно | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Во однос на идентитетот во македонското општество постојат две константи. Првата е дека ***Македонците, во голем дел и Ромите и Турците, се чувствуваат исклучиво како „граѓани на Македонија“***. Во текот на овие две декади бројот на ***Албанците што се чувствуваат само како припадници на сопствената „етничка заедница“ постојано расте***. Новина е дека вакво чувство полека расте и кај турската заедница.

Комплексот на прашања за Александар Велики дава нови сознанија во однос на перцепциите и интерпретациите за државниот идентитет. ***Имено, веќе голем дел од Македонците „се чувствуваат“ како потомци на Александар, а дел се убедени дека „тој е најважен бидејќи од него потекнува мојот народ“.*** Тешко е да се зборува за „длабочината“ на овие чувства, но првичната квантитативна анализа зборува дека „Александроманијата“ ја поддржуваат луѓето од градот, оние со повисоко образование и граѓаните со „десна“ провениенција. ***Главна причина за антиквизацијата е „конечното афирмирање на вистинската историја“ за Македонија.***

***Кај изборот за најважна историска личност се уште приматот убедливо го држи Гоце Делчев*** по сите рангови, а втор е Јосип Броз - Тито. Присутни се две отстапувања од овој тренд. ***Приказната за Александар е веќе елемент кој е потсилен од ликот и делото на Тито, особено кај помладите генерации.*** За Албанците најважен херој е Скендербег, а за Турците Кемал Ататурк.

Знамето како елемент на државниот идентитет има стабилна позиција. Мнозинството (88%) од Македонците како најзначајно знаме го истакнува државното, а од Албанците албанското знаме. Знамето од Вергина се „загуби“.

Интересно е дека ***како најважни празници кај граѓаните убедливо најголема поддршка добија верските празници наспроти државните празници: Велигден, Бајрам и Божик***. Како празници кои „треба“ да се елиминираат се 23-ти октомври, со големо мнозинство, и 1-ви мај.

Последните две прашања даваат слика која потсетува на квантитативните податоци од почетокот на оваа анализа. ***Речиси педесетина проценти од граѓаните или отсекогаш сакале или во овој момент би сакале да ја напуштат земјата. Над сето ова, Македонија ја сакаат само затоа што се родиле во неа 81% од граѓаните, но и 77% од Македонците.*** Така е кога 85% од граѓаните мислат дека државата воопшто не се грижи за нив, а 75% истакнуваат дека државата воопшто не ги штити нивните права.

# ЗАКЛУЧОК

**Демократијата во македонското општество, денес, барем според учесниците во анкетата, е падната на многу ниско ниво.** Неа речиси и да ја нема, особено ако ги прашате граѓаните колку државата се грижи за нив и колку ги штити нивните права. Што се однесува до одговорите според етничката припадност, единствено **Албанците покажуваат задоволство од нивната положба во државата**. Иако главно перцепциите на граѓаните во однос на мултиетничноста се позитивни, сепак, дел од Македонците и Албанците се изјаснуваат дека „всушност и не сакаат да живеат заедно“. Во однос на најголемите авторитети, со голема предност победија Господ/Алах пред Претседателот на државата. Истовремено, **„граѓаните“ како избор меѓу државниот, етничкиот и индивидуалниот интерес, убедливо го преферираат индивидуалниот интерес**.

**Македонското општество и натаму има проблем со културните разлики, особено со разликите според јазикот и верата.** Односите меѓу најголемите заедници се многу оптоварени со овие „пречки“ во меѓусебната комуникација. Можеби токму поради нив е голема и етничката дистанца, според која Албанците покажуваат најголема „некомуникација“ по сите степени со другите етнички заедници. Оваа разлика уште повеќе се зголемува кога се мери верската дистанца, која покажува големи расцепи меѓу верските блокови – христијаните и муслиманите. Најголема верска дистанца се појавува спрема мешаните бракови.

**Македонското општество се состои главно од граѓани и Албанци.** Кај Албанците со години јакне етничката идентификација, а тој тренд ги зафаќа и Турците. Идентитетот кај Македонците е стабилен, главно врзан со државата и културата, но се појавуваат нови елементи. **„Антиквизацијата“ и „Александроманијата“ веќе се дел од македонската промисла.** Имено, се поддржуваат ставови како „Александар е важен бидејќи потекнуваме од него“ и „тоа е конечно афирмирање на вистинската историја“. Александар е често втор избор за исто-

риска личност кај помладите (прв е Гоце Делчев), итн. Но, други елементи полека си „одат“: знамето од Вергина, 23-ти октомври – Денот на македонската револуционерна борба. Како најважни празници победија верските наспроти државните и тоа убедливо. И за крај, само поради илустрација, ставот дека **мнозгумина во овој момент би одбрале да живеат во друга земја**, но и ставот дека 77% од Македонците (другите и повеќе) ја сакаат Македонија „само затоа што се родени во неа, исто како што би ја сакале било која друга земја кога во неа би се родиле“. **Многу „непатриотски“!**

CIP-Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

323.21(497.7)“2010“(047.31)
323.1(497.7)“2010“(047.31)

ПОЛИТИЧКАТА култура и идентитетите / [уредници Емилија Симоска, Славица Инџевска]. – Скопје : Фондација отворено општество-Македонија, 2012. – 102 стр. : граф. прикази; 21см

ISBN 978-608-218-140-0

а) Политичка култура – Македонија – 2010 – Истражувања б) Национален идентитет – Македонија – 2010 – Истражувања
COBISS.MK-ID 91550986